АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА
НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2024

Република Северна Македонија
Агенција за заштита на личните податоци

Republika e Maqedonisë së Veriut
Agjencia për Mbrojtjen e të Dhënave Personale

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено: / E pranuar: 28. 03. 2025

| Орг. Един. Njësia. Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| --- | --- | --- | --- |
| 08 | 1941/1 | | |

Бр/Nr. 01-422/1
27.3.2025

**До**
**Собрание на Република Северна Македонија**
**ул. „11 Октомври“ бр. 10**
**1000 Скопје**

ПРЕДМЕТ: Доставување на Годишен извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2024 година

Почитувани,

Врз основа на член 60 став (7), член 63 став (1) алинеја 8 и член 70 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21), во прилог на овој допис Ви го доставуваме во писмена и електронска форма Годишниот извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2024 година.

Ви благодариме на соработката.

**Drejtuar,**
**Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**rr. „11 Tetori" nr. 10**
**1000 Shkup**

LËNDA: Dorëzim i Raportit vjetor për punën e Agjencisë për Mbrojtjen e të Dhënave Personale për vitin 2024

Të nderuar,

Bazuar në nenin 60 paragrafi (7), neni 63 paragrafi (1) alineja 8 dhe neni 70 të Ligjit për mbrojtjen e të dhënave personale („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 42/20 dhe 294/21), në bashkangjitje të kësaj shkrese Ju dorzojmë Raportin vjetor për punën e Agjencisë për Mbrojtjen e të Dhënave Personale për vitin 2024 në formë të shkruar dhe elektronike.

Ju faleminderit për bashkëpunimin.

**Заменик директор/Zëvendësdrejtori,**
**М-р Елена Вељановска**

# АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Годишен извештај за 2024 година**

| | |
|---|---|
| Период за кој се известува: 2024<br>Вкупен буџет: **19.834.000,00 денари**<br>Број на вработени: **18**<br>**www.azlp.mk** | **Одговорно лице:**<br>Име и презиме: **м-р Елена Вељановска**<br>Звање: **Заменик директор**<br>E-mail: info@privacy.mk<br>Телефон: **02/3230-635** |

## Содржина

1. РЕЗИМЕ .... 5
2. ВОВЕД .... 6
3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА .... 7
3.1 Статус .... 7
3.2 Раководство .... 7
3.3 Надлежности .... 7
3.4 Организациска структура .... 8
4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ, ПЛАН ЗА РАБОТА И СТРАТЕШКИ ПЛАН .... 10
4.1 Препораки од Европската Унија и реализација на итните реформски приоритети .... 10
4.2 Активности за хармонизација со законодавството на Европската Унија .... 10
4.3 НПАА – Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија .... 11
4.4 Супервизија .... 11
4.4.1 Редовни супервизии .... 11
Здравство .... 12
Вработување .... 12
Финансии .... 12
4.4.2 Вонредни супервизии .... 12
Вонредни супервизии по службена должност и по иницијативи од физички/правни лица .... 12
Задржување на лични карти и патни исправи во хотелите при регистрација на гостите во книгата на гости .... 13
Видеонадзор .... 13
Јавно објавување на матични броеви на граѓаните од страна на органите на државна управа .... 13
Влада на Република Северна Македонија .... 13
Државен инспекторат за животна средина .... 14
Обработка на генетски податоци на членови на фудбалски клуб .... 14
Вонредни супервизии по барања од физички лица за утврдување на повреди матични стоматолози .... 14
Маркетинг активности .... 14
4.4.3. Барања за поведување на прекршочна постапка .... 14
4.4.4 Прекршочна постапка .... 15
4.4.5 Управни спорови .... 15
4.4.6 Други барања од физички лица .... 16
4.4.7 Нарушување на безбедноста на личните податоци .... 16
4.4.8 Електронско поврзување со други институции .... 16
4.5 Усогласување на секторската регулатива .... 16
4.5.1 Мислења, консултации, укажувања на органи на државната власт .... 17
4.5.2 Известувања, насоки, одговори, укажувања и наредби дадени на контролори односно обработувачи .... 18
4.5.3 Постапување по претставки .... 19
4.5.4 Претставки кои се однесуваат на социјалните мрежи .... 19
4.5.5 Издавање на одобренија за обработка на лични податоци .... 19
4.6 Слободен пристап до информации од јавен карактер .... 20
4.7 Односи со јавноста .... 20
4.7.1 Соработка со медиумите .... 22
4.7.2 Комуникација со странки .... 22
4.8 Известување за обработка на лични податоци со висок ризик .... 23
4.9 Овластено лице за заштита на личните податоци (офицер за заштита на личните податоци) .... 23
4.10 Спроведени обуки .... 23
4.11 Пренос на лични податоци во други држави .... 24
5. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТЕЊЕТО .... 25
6. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА .... 27
6.1 Соработка со други институции .... 27
6.2 Меѓународна соработка .... 27
Соработка со органите за заштита на личните податоци од регионот .... 27
Консултативен комитет на Конвенцијата 108 на Советот на Европа .... 28
6.3 Учество на Агенцијата на меѓународни настани, конференции и состаноци поврзани со заштитата на личните податоци 29
6.4 Проекти и странска помош .... 30
Стратегија за спроведување на правото за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија 2025-2030 .... 30
Правилник за безбедност на обработката на личните податоци .... 31
7. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ .... 32
7.1 Буџет за 2024 година – СМЕТКА тип 637 .... 32
7.2 Реализација на буџетот за 2023 година – СМЕТКА тип 631 .... 32
8. ЗАКЛУЧОЦИ .... 33
9. ПРЕПОРАКИ .... 34
10. ПРИЛОЗИ .... 35
Прилог бр. 1: Органограм на Агенцијата заклучно со 31.12.2024 година .... 35
Прилог бр. 2: Полова структура на вработените .... 36
Прилог бр. 3: Старосна структура на вработените .... 36

Прилог бр. 4: Структура според степен на образование ... 36
Прилог бр. 5: Структура според вид на образование ... 36
Прилог бр. 6: Структура според звања на административни службеници и именувани/избрани лица ... 36
Прилог бр. 7: Структура по категории на звања и именувани/избрани лица ... 37
Прилог бр. 8: Супервизии ... 37
Прилог бр. 9: Вонредни супервизии според вид ... 37
Прилог бр. 10: Супервизии според секторот на кој припаѓа контролорот ... 37
Прилог бр. 11: Супервизии според областа на кој припаѓа контролорот ... 38
Прилог бр. 12: Активности кои биле предмет на супервизиите ... 38
Прилог бр. 13: Управни спорови ... 38
Прилог бр. 14: Одлуки по барањата на граѓаните за утврдување повреда на правото за заштита на личните податоци ... 39
Прилог бр. 15: Видови решенија кои се донесени од страна на супервизорите и наредби ... 39
Прилог бр. 16: Доставени известувања за нарушување на безбедноста на личните податоци ... 39
Прилог бр. 17: Листа на предлог-закони за кои е дадено мислење ... 39
Прилог бр. 18: Листа на укажувања до органи на државната власт по однос на прописи и други правни инструменти ... 40
Прилог бр. 19: Постапување по претставки ... 40
Прилог бр. 20: Начин на поднесени претставки ... 40
Прилог бр. 21: Претставки по вид на социјални мрежи ... 40
Прилог бр. 22: Офицери за заштита на личните податоци ... 41
Прилог бр. 23: Пријава на нови офицери за заштита на личните податоци 2023 - 2024 ... 41
Прилог бр. 24: Преглед на спроведени обуки од страна на Агенцијата ... 41
Прилог бр. 25: Мислења, прашања и известувања за пренос на лични податоци ... 41
Прилог бр. 26: Пријави за пренос на лични податоци во ЕУ и Европскиот економски простор ... 41
Прилог бр. 27: Примени барања за одобрение за пренос во трети земји ... 42
Прилог бр. 28: Мислења, прашања и известувања за пренос на лични податоци ... 42
Прилог бр. 29: Буџет и трошоци за 2024 година ... 42
Прилог бр. 30: Структура на одобрениот буџет за 2024 година ... 43
Прилог бр. 31: Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2024 година ... 43
Прилог бр. 31-а: Графички приказ ... 44
Прилог бр. 32: Компаративна табела на одобрениот буџет за 2024 со одобрениот буџет за 2023 ... 44
Прилог бр. 32-а: Графички приказ ... 45
Прилог бр. 33: Реализација на буџетот за 2024 година – СМЕТКА тип 631 ... 45
Прилог бр. 34: Одобрен буџет на проектирани приходи за 2024 година ... 45
Прилог бр. 35: Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2024 година ... 45

## 1. РЕЗИМЕ

Во 2024 година, Агенцијата за заштита на личните податоци активно работеше на унапредување на заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија, со посебен акцент на усогласување со европските стандарди и глобалните трендови. Клучен момент во 2024 година беше донесувањето на новата Стратегија за спроведување на правото за заштита на личните податоци за периодот 2025-2030 година. Овој документ претставува трета стратегија за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија и има за цел да одговори на тековните предизвици и новите глобални трендови во областа на обработката на лични податоци. Стратегијата се базира на широки консултации со сите засегнати страни и вклучува експертска помош од Европската комисија. Нејзините цели се да се заштити приватноста на граѓаните, да се унапреди јавната свест и да се обезбеди целосно усогласување со законодавството на Европската Унија.

Друга значајна активност за 2024 година беше донесувањето на нов Правилник за безбедност на обработката на личните податоци[1], кој ќе започне да се применува од 1 јули 2025 година. Со новиот Правилник, контролорите и обработувачите на лични податоци ќе имаат обврска да ги усогласат своите процеси согласно новите насоки во рок од шест месеци. Правилникот пропишува мерки и насоки за обезбедување на безбедноста на личните податоци, во согласност со Законот за заштита на личните податоци и ги дефинира техничките и организациските мерки кои мора да се применат за да се обезбеди интегритетот, доверливоста и достапноста на податоците.

Примената на овој Правилник ќе овозможи контрола и намалување на ризиците кои произлегуваат од обработката на лични податоци, со посебен фокус на минимизирање на податоците, транспарентноста и безбедноста. Мерките за заштита, како што се криптирање, ограничување на пристапот, редовни сигурносни копии и ажурирање на системите, ќе бидат задолжителни за сите контролори и обработувачи. Овие мерки ќе обезбедат не само заштита на личните податоци, туку и безбедност и непречена обработка на податоците дури и во случај на инциденти.

Покрај ова Агенцијата донесе и објави Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци[2] и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на супервизија[3]. Правилниците се донесени – изработени со помош од страна на експерти од СР Германија и Р. Хрватска преку ЕУ Твининг проектот „Поддршка во спроведувањето на модернизираната правна рамка за заштита на личните податоци".

Преземањето на овие активности за донесување на новиот Правилник за безбедност на обработката на личните податоци, заедно со усвојувањето на Стратегијата за 2025-2030, претставуваат клучни чекори за продолжување на процесот на усогласување со законодавството на Европската Унија. Агенцијата за заштита на личните податоци продолжува да работи на јакнење на својата улога како независен орган и на унапредување на свеста и капацитетите за заштита на личните податоци во земјата.

[1] „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 266/24
[2] „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 266/24
[3] „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 266/24

## 2. ВОВЕД

Правната и институционалната рамка која се однесува на заштитата на личните податоци е воспоставена со Законот за заштита на личните податоци, кој ја транспонира Регулативата (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци и слободното движење на овие податоци (Општа регулатива за заштита на податоците), со што се гарантира високо ниво на заштита на приватноста. Заштитата на личните податоци останува една од основните вредности на секое демократско општество, одразувајќи го нивото на почитување и примена на човековите права. Во Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2024 година се наведува дека земјата и понатаму треба да го заврши процесот на целосно усогласување со Општата регулатива за заштита на податоците. Извештајот исто така нагласува дека е неопходно донесување национално законодавство што ќе биде усогласено со Директивата на ЕУ за спроведување на законот, со цел да се обезбеди ефективно спроведување на заштитата на личните податоци.

Покрај континуираното намалување на бројот на вработените во Агенцијата во 2024 година, што сериозно го доведе во прашање исполнувањето на нејзините законски утврдени надлежности, задачи и овластувања, продолжи континуираната работа на зајакнување на капацитетите на Агенцијата и на вклучување на сите заинтересирани страни во процесот на имплементација на правото за заштита на личните податоци.

Во овој период, Агенцијата продолжи да делува во контекстот на дигитализацијата и се обврза да ги следи сите нови предизвици и промени кои може да се појават во доменот на заштитата на личните податоци, со што ќе се гарантира постојан развој и усогласување со новите реалности и практики во Европската Унија.

Затоа,

**МИСИЈАТА** на Агенцијата продолжува да биде јакнењето, промоцијата и заштитата на приватноста и на податоците на физичките лица, преку спроведување на супервизија, давање насоки, како и мислења во согласност со законските прописи,

додека

**ВИЗИЈАТА** е таа да биде препознатлив заштитник и промотор на правото на приватноста на физичките лица во однос на обработката на нивните лични податоци, со мотивиран тим подготвен да одговори на предизвиците од дигиталната ера.

## 3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

### 3.1 Статус

Агенцијата е самостоен и независен државен орган, надлежен да врши надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија, како и заштита на темелните права и слободи на физичките лица во однос на обработката на нивните лични податоци.

Агенцијата има советодавни, корективни и надзорни, односно истражни овластувања во областа на заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија.

### 3.2 Раководство

Со Агенцијата раководи директор, кој го избира Собранието на Република Северна Македонија за време од пет години, со право на уште еден мандат, а воедно директорот има заменик.

### 3.3 Надлежности

- Агенцијата како главен креатор на политиките, мерките и дејствијата кои што треба да се преземаат за доследно спроведување на прописите за заштита на личните податоци на национално ниво, ги има следните законски надлежности:
- да врши супервизија над заштитата на личните податоци односно надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија, како и заштита на темелните права и слободи на физичките лица во однос на обработката на нивните лични податоци;
- ја следи и спроведува примената на Законот за заштита на личните податоци;
- ја промовира јавната свест и согледувањето на ризиците, правилата, заштитните мерки и правата во однос на обработката на личните податоци, а особено на активностите кои се насочени кон децата;
- во согласност со закон, дава мислења на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и на другите институции и тела за законодавните и административните мерки за заштитата на правата и слободите на физичките лица во однос на обработката на личните податоци;
- ја промовира свесноста на контролорите и обработувачите за нивните обврски;
- на барање, обезбедува информации на секој субјект на личните податоци во врска со остварувањето на неговите права според овој закон и доколку е потребно, за таа цел соработува со други надзорни органи за заштита на личните податоци;
- ги разгледува поднесените барања од субјектот на личните податоци или од здружение согласно со овој закон и го истражува во соодветна мера предметот на барањето, како и во разумен рок го информира подносителот на барањето за исходот на постапката, особено ако е потребна дополнително истражување или координација со друг надзорен орган за заштита на личните податоци;
- соработува со други надзорни органи за заштита на личните податоци, вклучително и преку размена на информации и взаемна помош, со цел да се обезбеди заштита на правата и слободите на физичките лица во однос на обработката на личните податоци;
- спроведува истражување во врска со примената на Законот за заштита на личните податоци, вклучувајќи и врз основа на информации добиени од друг надзорен орган за заштита на личните податоци или друг јавен орган;

- го следи соодветниот развој, особено во областа на информатичката и комуникациската технологија и трговските практики, доколку тоа влијае на заштитата на личните податоци;
- воспоставува и одржува листа во врска со барањето за проценка на влијанието на заштитата на личните податоци;
- дава мислење за операциите за обработка на личните податоци;
- го поттикнува изработувањето на кодекси на однесување, како и дава мислење и одобрува кодекси на однесување кои обезбедуваат соодветни заштитни мерки во согласност со Законот за заштита на личните податоци;
- го поттикнува создавањето на механизми за сертификација за заштита на личните податоци и на печати и ознаки за заштита на личните податоци;
- кога е применливо, врши периодично преиспитување на издадените сертификати во согласност со Законот за заштита на личните податоци;
- ги објавува стандардите и нормативите за акредитација на телото за мониторинг на одобрените кодекси на однесување и на сертификационото тело во согласност со Законот за заштита на личните податоци;
- врши акредитација на телото за мониторинг на одобрените кодекси на однесување;
- издава одобрение за пренос на личните податоци;
- ги одобрува задолжителните корпоративни правила;
- воспоставува и одржува евиденција на нарушувањата, како и на преземените мерки во согласност со Законот за заштита на личните податоци;
- врши обука за заштита на лични податоци; и
- врши и други задачи поврзани со заштитата на личните податоци, согласно со закон.

### 3.4 Организациска структура

Во Агенцијата, заклучно со 31.12.2024 година вработени се вкупно 18 лица – 14 административни службеници, 3 лица помошно-технички персонал и 1 лице вработено на определено време (*Забелешка: Агенцијата имаше директор заклучно со 25.12.2024 и раководител на одделение задклучно со 22.12.2024 година*). Ова претставува 36% пополнетост на работните места според систематизираните работни места во Агенцијата, имајќи го предвид фактот дека во Актот за систематизација на работните места предвидени се 47 работни места со вкупно 50 извршители.

Внатрешната организација се состои од 4 сектори со 9 одделенија и 1 посебно одделение. Годишниот план за вработување за 2024 година на Агенцијата од Министерството за финансии во 5 наврати беше вратен за ревидирање и еднаш поради парламентарните и претседателските избори, при што е добиена позитивна согласност на 13.11.2024 година, а од Министерството за јавна администрација на 4.12.2024 година. Барањето до Министерството за финансии за одобрување на финансиски средства врз основа на претходно позитивно одобрениот Годишен план за вработување е пратено на 14.11.2024 година, а на 30.12.2024 добиен е негативен одговор дека не се обезбедени финансиски средства за 2024 година со што на Агенцијата не и одобрено ниту едно ново вработување, како и ниту едно унапредување на постоечкиот кадар во текот на целата 2024 година, иако во последните години има значителен одлив на вработени од Агенцијата.

Притоа, треба да се истакне дека во текот на 2024 година, во Агенцијата престана вработување по сопствено барање на еден административен службеник (со високо образование од областа на правните науки, со положен правосуден испит и со над 10 години работно искуство во областа на заштитата на личните податоци), со што целосно се наруши функционирањето на Секторот за правни и општи работи, како и на Комисијата за одлучување по прекршок во рамки на Агенцијата.

Оттука, останува фактот дека Агенцијата има значителен недостаток од човечки ресурси и дека овој предизвик треба да се реши како со пополнување на дел од работните места преку вработување, така и со унапредување на постоечкиот кадар, но и обезбедување на целосна самостојност и независност особено при управувањето со човечките ресурси.

Во првото тримесечје на 2024 година, поради зголемениот обем на работа на Агенцијата, од Министерството за финансии единствено се даде согласност за вработување на едно помошно-техничко лице согласно Законот за работните односи, како и едно лице на определено време за период од една година согласно Законот за работните односи, како и продолжување за истото до 31.3.2025 година.

Поради тоа, приоритет за наредниот период ќе биде вработување на нови, стручни кадри и активирање на процесот на унапредување на постоечките вработени, како и целосно осамостојување на Агенцијата во делот на управувањето со човечките ресурси.

Дополнително, предизвик ќе биде и обезбедување на средства за работа на Агенцијата од Буџетот на Република Северна Македонија кои ќе претставуваат реален одраз на потребите на Агенцијата, а кој во форма на предлог се доставува до Министерството за финансии, со што ќе се обезбеди целосно и професионално остварување на нејзините законски утврдени надлежности.

Целосен преглед во однос на внатрешната организација (органограм) и структурата на вработените според пол, старосна структура, степен на образование, вид на образование, звања на административни службеници и именувани/избрани лица, и категории на звања и именувани/избрани лица, се дадени во делот Прилози како *прилози 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7*.

# 4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ, ПЛАН ЗА РАБОТА И СТРАТЕШКИ ПЛАН

## 4.1 Препораки од Европската Унија и реализација на итните реформски приоритети

Во последниот извештај на Европската комисија за Северна Македонија[4] се нагласува потребата од итна и целосна усогласеност со Општата регулатива за заштита на податоците, како и донесување на национално законодавство усогласено со Директивата за спроведување на законот. Препораките на ЕУ упатуваат на значајни реформи кои треба да обезбедат автономност на Агенцијата во поглед на ангажирање кадар и управување со буџетот. Во овој контекст, итно е потребно зголемување на бројот на вработени и зголемување на буџетските средства, кои ќе овозможат ефикасно исполнување на задачите и овластувањата на Агенцијата. Ниските плати и недоволната финансиска поддршка ја ограничуваат работата на Агенцијата, што влијае на нејзината способност да спроведува ефективен мониторинг на заштитата на личните податоци.

Дополнително, потребна е поголема координација и систематска консултација на Агенцијата за сите секторски закони и законодавни иницијативи. Следењето на препораките на Агенцијата и редовната комуникација со Собранието треба да се подобрат со цел да се овозможи постигнување на високи стандарди за заштита на личните податоци. Реализирањето на овие итни реформски приоритети е клучно за забрзување на процесот на европска интеграција и усогласување со законодавството на ЕУ.

## 4.2 Активности за хармонизација со законодавството на Европската Унија

Активностите за усогласување на законодавството на Република Северна Македонија со законодавството на Европската Унија се тесно поврзани со препораките и реформските приоритети за усогласување на правната рамка за заштита на личните податоци со Општата регулатива за заштита на податоците, како и со целосна имплементација на Законот за заштита на личните податоци.

Во таа насока во месец април 2022 година од страна на Агенцијата подготвен е Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци со цел да се обезбеди нејзина целосна самостојност и независност. Во постоечкиот Закон за заштита на личните податоци не се имплементирани решенија што ќе ѝ овозможат на Агенцијата да располага со сите неопходни ресурси за ефикасно извршување на своите задачи и овластувања. Со овие измени ќе се обезбеди Агенцијата да може самостојно и независно да управува со своите финансиски и човечки ресурси, без какво било влијание од други институции. Ова е од клучно значење за да се гарантира објективноста и непристрасноста на Агенцијата во нејзината работа.

Постојните буџетски ограничувања и намалениот број на вработени во Агенцијата во моментов го попречуваат нејзиното ефикасно функционирање и ефективно извршување на законски утврдените задачи. Со донесувањето на предложениот закон, ќе се создадат услови за обезбедување доволно финансиски средства и човечки ресурси, со што ќе се овозможи Агенцијата да ги извршува своите задачи и овластувања на високо ниво, гарантирајќи ја заштитата на личните податоци на граѓаните.

Во врска со донесувањето на Законот за транспонирање на Директивата (ЕУ) 2016/680 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година (Директива за спроведување на законот), подготвен е Предлог-Закон за заштита на физичките лица во врска со обработката на личните податоци заради спречување, истражување, откривање и гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции, кој беше доставен до Собранието на Република Северна Македонија на усвојување. Меѓутоа, Владата го повлече

[4] Извештај на Европската комисија за Северна Македонија за 2024 година: https://www.mep.gov.mk/page/?id=1117

од процедура во септември 2022 година при процесот на второ читање на текстот на законот. Европската комисија даде позитивно мислење за овој текст на закон при процесот на вршење на скрининг на законодавството за лични податоци. Во извештајниот период на известување, нема новини во однос на овој процес, односно сè уште не е започнат процесот на транспонирање на Директивата како и за донесување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци.

### 4.3 НПАА – Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија

Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) е сеопфатен долгорочен документ кој ја дефинира динамиката на усвојувањето на правото на Европската Унија, стратегиските насоки, политиките, реформите, структурите, ресурсите и роковите што треба да се реализираат со цел Република Северна Македонија да ги исполни условите за членство во Европската Унија.

По започнување на применување на Законот за заштита на личните податоци во август 2021 година, започна неговата целосна имплементација предвидена во Поглавјето 23 – Правосудство и фундаментални права од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА). Понатамошните активностите предвидени во Националната програма, а спроведени од Агенцијата, се целосна имплементација на донесените подзаконски акти, спроведување на супервизии, создавање на обучен и мотивиран тим и зголемување на свесноста на физичките лица за правата во однос на заштитата на личните податоци.

### 4.4 Супервизија

Преку спроведување на редовни, вонредни и контролни супервизии, Агенцијата утврдува дали контролорите и обработувачите од јавен и приватен сектор како и физичките лица контролори вршат обработка на личните податоци на законит и правичен начин и дали правата на физичките лица во конкретни случаи биле повредени.

Во овој извештај се опфатени главните работни активности на Секторот за супервизија во календарската 2024 година, а кои произлегуваат од доменот на клучните надлежности на Агенцијата.

Во 2024 година беа спроведени **338** супервизии од страна на четири **(4)** супервизори за цела територија на Република Северна Македонија.

Спроведените **338** супервизии по вид беа:

- **18** редовни супервизии;
- **304** вонредни супервизии; и
- **16** контролни супервизии.

Од спроведените супервизии:

- **23** супервизии се спроведени кај контролори од јавниот сектор;
- **305** супервизии кај контролори од приватниот сектор; и
- **10** супервизии кај физички лица.

Преглед на супервизиите дадени се во делот Прилози, како *прилози бр. 8, 9, 10, 11 и 12.*

#### 4.4.1 Редовни супервизии

Во текот на 2024 година се спроведоа **18** редовни супервизии во областа на здравството, вработувањето и финансиите.

*Здравство*

Редовните супервизии во приватните дијагностички лаборатории по својот обем беа делумни[5], а во фокус на супервизиите беа опфатени:

- управувањето со системот за заштита на личните податоци и отчетност;
- обука и свесност за заштита на личните податоци;
- управување со збирката на лични податоци на пациенти; и
- безбедност на личните податоци.

Кај приватните дијагностички лаборатории, супервизијата идентификуваше разумно и ограничено ниво на уверување[6] дека процесите и процедурите за заштита на личните податоци се воспоставени, но дека е потребно подобрување сѐ со цел да се намали ризикот од неусогласеност со прописите за заштита на личните податоци.

*Вработување*

Редовните супервизии во приватните агенции за вработување по својот обем беа делумни, а во фокус на супервизиите беа опфатени:

- Управување со системот за заштита на личните податоци и отчетност;
- Обука и свесност за заштита на личните податоци;
- Управување со збирката на лични податоци за посредување при вработување во странство; и
- Безбедност на личните податоци.

Кај приватните агенции за вработување, супервизијата идентификуваше многу ограничено и ограничено ниво на уверувањедека процесите и процедурите за заштита на личните податоци се воспоставени и дека е потребно итно подобрување сѐ со цел да се намали ризикот од неусогласеност со прописите за заштита на личните податоци.

*Финансии*

Во 2024 година Агенцијата отпочна со вршење на редовни супервизии во банките и истите ќе продолжат во 2025 година се со цел да се опфатат сите банки во Република Северна Македонија. Податоците од спроведените супервизии ќе се објават во целост во Годишниот извештај за 2025 година откако ќе се опфати целосно овој сектор.

### 4.4.2 Вонредни супервизии

Вонредната супервизија по правило е ненајавена супервизија и се врши во случај на поднесено барање согласно со одредбите од членовите 93, 97 и 100 од Законот за заштита на личните податоци, по иницијатива поднесена од орган на државна власт, правно или физичко лице, по службена должност или во случај на сомневање на супервизорот за повреди на одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Во 2024 година, супервизорите извршија **304** вонредни супервизии.

*Вонредни супервизии по службена должност и по иницијативи од физички/правни лица*

Агенцијата поведе вонредни супервизии по службена должност за следниве активности.

- нарушување на безбедноста на личните податоци;
- видеонадзор во областа на трговијата, угостителството, здравство и финансии;
- задржување на лични документи (лични карти и патните исправи) од страна на хотелите; и
- обработка на генетски податоци на членови на фудбалски клуб.

---

[5] Член 12 од Правилникот за начинот на вршење на супервизијата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/20 и 266/24)

[6] Прилог бр. 1 од Правилникот за начинот на вршење на супервизијата.

Агенцијата спроведе вонредни супервизии по поднесени инцијативи од физички/правни лица кои претежно се однесуваа на видеонадзор во повеќе станбените објекти и на јавни површини.

***Задржување на лични карти и патни исправи во хотелите при регистрација на гостите во книгата на гости***

Агенцијата поведе вонредни супервизии по службена должност кај контролори од областа на туризмот и угостителството (хотели во Охрид), каде се провери задржувањето на лични карти и патни исправи при евидентирање на гостите во книгата за гости. Кај овие супервизии се утврди прекршувања на Законот за заштита на личните податоци, односно кај сите се утврди дека ги задржуваат личните документи на рецепција, а еден контролор прави и задржува копии од истите.

***Видеонадзор***

Агенцијата и во 2024 година продолжи со вршење на вонредни супервизиите по службена должност во областа на трговијата, угостителството, здравството, финансиите, културата и забавата со цел да се провери состојбата со воспоставениот систем за видеонадзор, во однос на должноста на контролорите да истакнат известување за вршење на видеонадзор и начинот на остварување на правата на субјектите на лични податоци чии податоци се обработуваат преку системот за видеонадзор, односно дали е донесена и истакната Изјава за приватност за вршење на видео надзор. Покрај ова, се провери и дали контролорите ја известиле Агенцијата за контакт податоците за офицерот за заштита на личните податоци. Кај најголем број од овие контролори се утврдија прекршувања на прописите за заштита на личните податоци и се дадоа рокови и мерки за усогласување со Законот за заштита на личните податоци. Воедно, преку овие супервизии Агенцијата има за цел да работи на промовирање на заштитата на личните податоци во секторот трговија и туризам и угостителство кои се најмногубројни со над 26.000 активни субјекти според информациите објавени од Државниот завод за статистика, како и подигање на свеста кај граѓаните за правата кои ги имаат согласно прописите за заштита на личните податоци.

Покрај ова Агенцијата спроведе и повеќе вонредни супервизии по иницијативи од граѓани за вршење на видеонадзор во повеќестанбени објекти како и во случаи кога постои сомнеж за снимање на јавни површини од страна на физички лица.

***Јавно објавување на матични броеви на граѓаните од страна на органите на државна управа***

Во 2024 година Агенцијата изврши три вонредни супервизии кои се однесуваа на незаконито јавно објавување на матични броеви на граѓаните од страна на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање и Државниот инспекторат за животна средина.

***Влада на Република Северна Македонија***

Агенцијата за заштита на личните податоци изврши вонредна супервизија поведена по службена должност над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци и нивната заштита од страна на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година бр. 14-1501/4 од 13.02.2024 година објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 39/24.

Во текот на супервизијата се утврди дека Владата на Република Северна Македонија со објавување на матичните броеви, броевите на трансакциски сметки и називите на банките на вкупно 519 апликанти во Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година бр. 14-1501/4 од 13.2.2024 година објавена во

„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 39/24 постапила спротивно на начелата на „законитост, правичност и транспарентност“, „ограничување на целите“, „минимален обем на податоци“ и „интегритет и доверливост“, при што овозможила матичните броеви на лицата (апликантите) да бидат непотребно видливи, со што се направени повреди на одредбите на членот 9 став (1) алинеи 1, 2, 3 и 6, членот 10 и членот 83 став (6) од Законот за заштита на личните податоци.

***Државен инспекторат за животна средина***

Државниот инспекторат за животна средина спротивно на начелата на „законитост, правичност и транспарентност“, „ограничување на целите“, „минимален обем на податоци“ и „интегритет и доверливост“, на веб-страницата http://www.sei.gov.mk во делот „Инспекциски акти“ објавил акти од инспекциска постапка, при што овозможил матичните броеви на овластените лица на правните субјекти предмет на инспекциска постапка да бидат непотребно видливи, што не е во согласност со одредбите на членот 9 став (1) алинеи 1, 2, 3 и 6, членот 10 и членот 83 став (6) од Законот за заштита на личните податоци.

***Обработка на генетски податоци на членови на фудбалски клуб***

Фудбалскиот клуб собрал и обработил посебни категории на лични податоци (генетски податоци) на неговите членови, без притоа да се применат соодветни заштитни мерки за правата и слободите на субјектите на личните податоци и без да се добие одобрение од страна на Агенцијата, што не е во согласност со членовите 9, 13, 36 и 84 од Законот за заштита на личните податоци.

***Вонредни супервизии по барања од физички лица за утврдување на повреди матични стоматолози***

Агенцијата спроведе вонредни супервизии по барање на физички лица во приватни здравствени установи кои се занимаваат со општа стоматологија. Од страна на стоматолошките установи направен е внес на личните податоци на подносителите на барањата во електронскиот систем за матичен лекар без нивна претходна согласност, што не е во согласност со член 10 став (1) алинеја 1 и член 83 став (1) алинеја 1 од Законот за заштита на личните податоци, а во врска со прописите за здравствено осигурување.

***Маркетинг активности***

Агенцијата спроведе вонредни супервизии по барања од граѓани кои добиле маркетинг пораки од контролори за кои не дале претходна согласност, што е спротивно на одредбите на членовите 10, 11 и 96 од Законот за заштита на личните податоци.

Од вкупно 41 барање за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци, во 14 случаи донесени се решенија за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци. Во 12 случаи барањата се прифатени, но постапката е запрена бидејќи не е утврдена повреда на правото на заштита на личните податоци, а 15 барања се отфрлени поради формален недостаток во барањето.

Прегледи на барањата на граѓаните за утврдување повреда на правото за заштита на личните податоци и видови на решенија донесени од страна на супервизорите и наредби се дадени во делот Прилози како *прилози бр. 14 и 15*.

### 4.4.3. Барања за поведување на прекршочна постапка

Во 2024 година супервизорите поднесоа **5** (пет) барања за поведување на прекршочна постапка. По **1** (едно) барање Комисијата за прекршоци изрече опомена, во три случаи изрече глоба, а за едно барање постапката е во тек.

### 4.4.4 Прекршочна постапка

Во 2024 година до Комисијата за одлучување по прекршок во Агенцијата („Прекршочна комисија“) поднесени се **5** (пет) барања за поведување на прекршочна постапка.

Во однос на овие барања од страна на Прекршочната комисија се донесени 4 решенија со кои се изрекоа прекршочни санкции и тоа:

- за сторен прекршок согласно член 111 став (1) точка 2 од Законот за заштита на личните податоци, односно спротивно на членот 10 од Законот за заштита на личните податоци незаконито обработувал лични податоци, бидејќи не демонстрира на кој начин ги собрал личните податоци, односно не го презентира (докажа) постоењето на Барањето, а врз основа на кое е склучен и Договорот, на правното лице му се изрече одмерена глоба од вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот износ од 362.867,10 денари, а на одговорното лице во правното лице не му се изрече прекршочна санкција за сторен прекршок согласно член 111 став (2), а во врска со членот 111 став (1) точка 2 од Законот за заштита на личните податоци, бидејќи постојат околности што ја исклучуваат одговорноста за овој прекршок според одредбите од членот 114 од Законот за прекршоците;
- за сторен прекршок согласно член 110 став (1) точка 19 и член 111 став (1) точки 2 и 3 од Законот за заштита на личните податоци, односно го обработиле личниот податок - телефонскиот број на физичко лице за цели на директен маркетинг, спротивно на одредбите на членовите 10, 11 и 96 од Законот за заштита на личните податоци, на правното лице и одговорното лице во правното лице им се изрече опомена;
- за сторен прекршок согласно член 111 став (1) точка 25 и став (3) од Законот за заштита на личните податоци, затоа што во периодот од 16.2.2024 година до 5.3.2024 година беа објавени матичните броеви на овластените лица во правните субјекти предмет на инспекциски надзор на веб страницата, при што беше овозможено матичните броеви на овластените лица во правните субјекти предмет на инспекциски надзор да бидат непотребно видливи, на службеното лице му се изрече одмерена глоба во износ од 150 евра;
- за сторен прекршок согласно член 111 став (1) точки 1 и 25 и став (3) од Законот за заштита на личните податоци, односно заради објавување на матичните броеви, броевите на трансакциски сметки и називите на банките на вкупно **519** апликанти (субјекти на лични податоци) во Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, на службените лица им се изрекоа одмерени глоби во износ од по 100 евра.

Во однос на овие **4** (четири) решенија на Прекршочната комисија не беа поведени управни спорови, при што решенијата станаа правосилни и извршни.

По однос на едното барање, постапката е сеуште во тек.

Од страна на Управниот суд добиени се **5** (пет) пресуди од поведените управни спорови во 2023 година, со кои пресуди се потврдија решенијата на Прекршочната комисија, односно тужбите беа одбиени како неосновани, при што решенијата на Прекршочната комисија станаа правосилни и извршни.

### 4.4.5 Управни спорови

Во 2024 година поднесени се **6** (шест) тужби за поведување на управен спор и тоа две (2) тужби за предмети од супервизија отворени во 2024 година и **4** (четири) тужби за предмети од супервизија отворени во 2023 година. Управниот суд донесе **4** (четири) пресуди во 2024 година и тоа **1** (една) пресуда за предмет од супервизија отворен во 2024 година и три пресуди за предмети од супервизија отворени во 2023 година. Во **3** (три)

пресуди се отфрлени тужбите и потврдени се решенијата на Агенцијата, а во **1** (една) пресуда се прифати барањето на тужителот и предметот се врати на Агенцијата на повторно одлучување. Во 2024 година поднесени се две жалби против пресудите на Управниот суд едниот е за предмет од супервизија отворен во 2024, а вториот за предмет отворен во 2023 година.

Преглед на управните спорови е даден во делот Прилози, како *прилог бр. 13*.

### 4.4.6 Други барања од физички лица

Во 2024 година Секторот за супервизија постапи по **31** барање од физички лица на кои им беа дадени насоки каде и како да остварат едно од правата уредени со Законот за заштита на личните податоци, посебно правото на приговор.

### 4.4.7 Нарушување на безбедноста на личните податоци

Согласно со членот 37 од Законот за заштита на личните податоци, во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци, контролорот веднаш и не подоцна од **72** часа откако дознал за истото е должен да ја извести Агенцијата, за нарушувањето на безбедноста на личните податоци, освен ако не постои веројатност нарушувањето на безбедноста на личните податоци да создаде ризик за правата и слободите на физичките лица.

Во текот на 2024 година, до Агенцијата беа доставени **21** известувања за нарушување на безбедноста на личните податоци (известувања) од кои: **13** се од контролори од приватниот сектор, а **8** (осум) се од контролори од јавниот сектор. Од малиот број на известувања може да се заклучи дека кај контролорите сè уште е ниска свеста за обврската за доставување на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци.

Најголем дел од известувањата се однесуваа на нарушувања кои се последица на човечка грешка, рансомвер напади, фишинг измами и во еден случај за провала.

Преглед на доставени известувања за нарушување на безбедноста на личните податоци е даден во делот Прилози како *прилог бр. 16*.

### 4.4.8 Електронско поврзување со други институции

Секторот за супервизија од 2024 година доби електронски пристап до Централниот регистар на Република Северна Македонија во делот на тековните состојби на субјектите. На овој начин на супервизорите им се овозможува на брз, едноставен и економичен начин да ги обезбедат сите податоци за планирање и спроведување на супервизиите. На крајот од 2024 година се отпочна постапка за овозможување електронски пристап до податоците на катастарот на недвижнини.

## 4.5 Усогласување на секторската регулатива

Законите и другите прописи со кои се уредува собирањето, обработката, чувањето, користењето и доставувањето на личните податоци мора да бидат усогласени со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

За таа цел од страна на Агенцијата е донесена и Одлука за утврдување на Методологија за хармонизација на секторската легислатива („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 38/22). Методологијата за хармонизација на секторската легислатива содржи насоки за практична примена на членот 10 став (3) од Законот за заштита на личните податоци. Овие насоки го регулираат постапувањето на министерствата во процесите за хармонизација на секторската легислатива при што е опфатен процесот за проверка на постојните закони, како и процесот на спроведување на Проценка на влијанието на законите од аспект на заштитата на личните податоци, а кои се

усогласени со позитивните искуства од практиката во Европската Унија и нејзините земји - членки, како и нејзиното законодавство.

Притоа, како главен фокус на Агенцијата за имплементација на прописите за заштита на личните податоци односно една од приоритетните активности согласно Програмата за работа на Агенцијата за 2024 година беше и промовирање на Методологијата за хармонизација на секторската легислатива во однос на изработување на проценка на влијанието на законите од аспект на заштитата на личните податоци од страна на предлагачите (министерствата) при конципирањето на предлог законите со кои се уредува собирањето, обработката, чувањето, користењето и доставувањето на лични податоци. Во тој контекст, Агенцијата даваше насоки на министерствата на кој начин и како да ја спроведат проценката, односно на кој начин да пристапат кон спроведување на истата за да можат да ги опфатат и разработат прашањата поврзани со обработката на личните податоци, за да потоа врз основа на спроведената проценка да можат да се конципираат во нормативни решенија во соодветните закони.

Исто така, за да може Агенцијата целосно да ги спроведе своите надлежности особено во однос на давање мислења по предлозите на прописите во областа на заштитата на личните податоци, потребно е применување во целост на одредбите од членот 68 став 1 точка 12 и став (3) од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, односно да не се разгледуваат на седница на работните тела и на Владата материјалите кои регулираат прашања од областа на заштита на личните податоци, без претходно обезбедено мислење од страна на Агенцијата, а со цел обезбедување на конзистентност во правниот систем на Република Северна Македонија од аспект на доследно имплементирање односно усогласување со начелата и правилата за заштита на личните податоци предвидени во прописите за заштита на личните податоци.[7]

### 4.5.1 Мислења, консултации, укажувања на органи на државната власт

Агенцијата во рамките на своите надлежности утврдени со Законот за заштита на личните податоци, по сопствена иницијатива или по барање дава мислења на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и на другите институции и тела за законодавните и административните мерки за заштитата на правата и слободите на физичките лица во однос на обработката на личните податоци, односно дава мислења по предлозите на прописите во областа на заштитата на личните податоци.

Во текот на 2024 година, беа дадени **5** (пет) мислења на предлог закони од областа на заштита на личните податоци, односно кои се на било кој начин поврзани со заштитата на личните податоци.

Преглед на дадените мислења по предлог-закони, се дадени во делот Прилози, како *прилог бр. 17.*

Органите на државната власт при изработувањето на предлог законите или на подзаконските акти кои се однесуваат на обработката на личните податоци можат и да се консултираат со Агенцијата, а со цел полесно да ги имплементираат начелата за заштита на личните податоци според правилата предвидени во Законот за заштита на личните податоци.

Во текот на 2024 година не беа доставени до Агенцијата барања за консултации (насоки) по предлог закони, подзаконски акти и други материјали од органите на државната власт

[7] Оваа обврска е избришана со донесувањето на новиот Деловник за работа на Владата на Република Северна Македонија кој што е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 276 на 31.12.2024 година (член 24).

Имајќи ја предвид потребата од усогласување на прописите со кои се уредува собирањето, обработката, чувањето, користењето и доставувањето на лични податоци со прописите за заштита на личните податоци, а се почеста пракса е органите на државната власт, прашањата поврзани со обработката и заштитата на личните податоци кои треба да ги утврдат во закон, да ги пропишуваат со подзаконски акти и други прописи, Агенцијата во текот на 2024 година достави **10** (десет) укажувања до органи на државната власт по однос на прописи и други правни инструменти објавени во Службен весник на Република Северна Македонија.

Преглед на дадените укажувања до органи на државната власт по однос на прописи и други правни инструменти се дадени во делот Прилози, како *прилог бр. 18*.

Останува и понатаму обврската и потребата министерствата да ги идентификуваат релевантните постојни закони што треба да се променат (изменат и дополнат) за да бидат усогласени со одредбите од Законот за заштита на личните податоци односно да направат проверка на постојните закони од аспект на обработката на личните податоци според Методологијата за хармонизација на секторската легислатива.

### 4.5.2 Известувања, насоки, одговори, укажувања и наредби дадени на контролори односно обработувачи

Дел од задачите на Агенцијата е да ја следи и спроведува примената на Законот за заштита на личните податоци, како и да ја промовира јавната свест и согледувањето на ризиците, правилата, заштитните мерки и правата во однос на обработката на личните податоци, на контролорите односно обработувачите им беа дадени насоки, известувања, одговори, укажувања, предупредувања, наредби и тоа:

- **197** насоки/известувања/одговори се дадени во однос на проценка на влијанието на заштита на личните податоци (начин на подготовка, во кои случаи е задолжителна и што треба да содржи методологијата за спроведување на процесот на оваа проценка); во кои случаи мора, а во кои не мора да биде определен офицер за заштита на личните податоци односно на кој начин да направат анализа за да оценат дали мора да определат офицер за заштита на личните податоци; на кој начин и како да се направи анализа при ангажирање на обработувачи; како треба да биде регулиран односот помеѓу контролорот и обработувачот; уредување на начинот на размена на лични податоци; што се треба да се има предвид и преземе пред да се започне со користење на ново технолошко решение преку кое ќе се врши обработка на лични податоци; давање податоци на користење; обработка на лични податоци врз основа на согласност односно што треба да се има предвид кога согласноста се користи како основ за обработка и на кој начин треба истата да биде конципирана; начинот на претходно информирање на субјектите на лични податоци односно обезбедување на транспарентни информации во однос на обработката на нивните лични податоци; за обработка на посебни категории на лични податоци, особено биометриски податоци; за начинот на вршење на внатрешна контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура со цел да се провери дали постапките и упатствата содржани во правилата и политиките за безбедност на личните податоци се применуваат и се во согласност со прописите за заштита на личните податоци; како субјектите на лични податоци да ги остварат своите права според прописите за заштита на личните податоци.

- **1** наредба до контролор да ги усогласи операциите на обработка на лични податоци при издавање на ловечки легитимации на ловците (субјекти на лични податоци) при поднесување на барање за издавање на ловечка легитимација односно да не собира, обработува и чува копија од лична карта или пасош во функција на издавање на ловечка легитимација, записнички да ги уништи сите копии од лични карти или пасош доставени

од страна на ловците за цел издавање на ловечка легитимација и да ги информира субјектите на лични податоци.

По однос на дадената наредба, контролорот постапи и за преземените дејствија достави известување со докази до Агенцијата.

### 4.5.3 Постапување по претставки

Вкупниот број на поднесени претставки во 2024 година е **249.**

- **247** претставки се поднесени од физички лица;
- **2** претставки се поднесени од правни лица; при што
- **206** претставки се поднесени електронски;
- **42** претставки се поднесени писмено;
- **1** претставка е поднесена усно.

Сите примени претставки се однесуваат за неовластена обработка на личните податоци на социјалните мрежи.

Преглед на постапување по претставки и начинот на поднесените претставки се дадени во делот Прилози, како *прилози бр. 19 и 20.*

### 4.5.4 Претставки кои се однесуваат на социјалните мрежи

Претставки кои се однесуваа на социјалните мрежи за 2024 година се **249**.

Според причината за пријавување, најкарактеристични се претставките од физички лица кои се однесуваат на лажни профили, понатаму за пробиени (хакирани) профили**,** претставки кои се однесуваат за неовластено објавување на туѓи фотографии и видео снимки на профили на социјалните медиуми, злоупотребени лични податоци, заборавена лозинка, говор на омраза, бришење на туѓ профил, откривање на сторител, како и претставки кои што се однесуваат на објава на навреди и клевети преку интернет. **116** претставки се однесуваат за лажни профили, додека пак **95** претставки се однесуваат за пробиени (хакирани) профили.

Од вкупниот број на претставки **12** се однесуваат на повреда на правото на заштита на личните податоци на деца на социјалните мрежи.

Според социјалната мрежа на која се однесуваат претставките, најголемиот број се однесуваат на Фејсбук (Facebook), Инстаграм (Instagram), ТикТок (TikTok) и дополнително одреден број од претставките се однесуваат на Снепчет (Snapchat) и Икс (X).

Преглед на претставките за социјалните мрежи дадени се во делот Прилози, како *прилог бр. 21.*

### 4.5.5 Издавање на одобренија за обработка на лични податоци

Во 2024 година поднесени се **2** (две) барања за добивање на одобрение од страна на Агенцијата согласно член 84 од Законот за заштита на личните податоци, а кои се однесуваа за обработка на биометриски податоци, потребни за потврда на идентитетот на субјектот на лични податоци и обработка на податоци што се однесуваат на здравјето на луѓето.

По однос на поднесените барања донесени се соодветни решенија и тоа: **1** (едно) решение за одобрување на обработка на биометриски податоци, потребни за потврда на идентитетот на субјектот на лични податоци, при што за да се започне со обработката, контролорот беше задолжен да преземе и документира определени дејствија и активности во однос на безбедноста на обработката на личните податоци и **1** (едно) решение за одобрување на барањето за обработка на податоци што се однесуваат на здравјето на луѓето.

По однос на **2** (две) барања кои беа поднесени во 2023 година, а постапката продолжи во 2024 година се донесоа **2** (две) решенија за одобрување на обработка на биометриски

податоци, потребни за потврда на идентитетот на субјектот на лични податоци, при што за да се започне со обработката, контролорите беа задолжени да преземат и документираат определени дејствија и активности во однос на безбедноста на обработката на личните податоци.

## 4.6 Слободен пристап до информации од јавен карактер

Во текот на 2024 година до Агенцијата беа поднесени вкупно **3** (три) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, со што на сите барања беше позитивно одговорено, од кои за **1** (едно) барање беше донесено решение за делумен пристап до информации од јавен карактер. Против решенија на Агенцијата беше вложена **1** (една) жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Жалбата не беше усвоена од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бидејќи станува збор за претставка, а не Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и од тие причини беше препратена на надлежност до Агенцијата.

Генерално, овие барања се однесуваа за информации за поднесени претставки до Агенцијата, како што е бројот на поднесени претставки кои се однесуваат на различни области, причини за поднесување на претставките од страна на граѓаните, потоа, бројот на спроведени супервизии од страна на Агенцијата, сектори кои се опфатени со супервизиите, број на барања за мислења од страна на граѓаните и други статистички податоци кои ги води Агенцијата.

## 4.7 Односи со јавноста

Агенцијата ја информира јавноста преку сопствените дигитални канали за сите релевантни информации за својата работа, преку веб-страницата www.azlp.mk и преку профилите на социјалните мрежи Фејсбук (Facebook) и Линкедин (LinkedIn). Веб-страницата на Агенцијата редовно се ажурира со корисни содржини како новости, известувања, соопштенија, совети, водичи, мислења, решенија и препораки преку кои физичките лица, контролорите, обработувачите и офицерите за заштита на личните податоци навремено се упатени во актуелностите и активностите на Агенцијата, како и во сите новини од областа на заштитата на личните податоци. На веб-страницата заинтересираните лица можат, исто така, да ја користат и алатката е-училница, која нуди корисни ресурси и за граѓаните и за компаниите, организациите и институциите кои обработуваат лични податоци, одговори на често поставувани прашања поврзани со заштита на личните податоци во различни животни ситуации, како и проверка на различни аспекти од системот за заштита на лични податоци.

Во тој контекст, даден е преглед на активностите на Агенцијата за 2024 година, организирани за промовирање и подигнување на јавната свест за заштитата на личните податоци и нејзините учества на настани:

Секоја година Агенцијата за заштита на личните податоци го одбележува 28 јануари, Европскиот ден на заштитата на личните податоци. На 26 јануари, 2024 година во соработка со Центарот за правни истражувања и анализи, Делегацијата на ЕУ и Македонско здружение на млади правници организираше настан за одбележување на Европскиот ден за заштита на личните податоци под наслов „Зајакнување на судството и заштита на младите луѓе во дигиталната ера".

По повод Европскиот ден за заштита на личните податоци, на 29 јануари 2024 година претставници од Агенцијата одржаа предавања на македонски и албански јазик на тема „Заштита на личните податоци при користење на интернет" во средните училишта „Георги Димитров" во Скопје и „Кирил Пејчиновиќ" во Тетово. Младите слушатели имаа можност да се запознаат со работата на Агенцијата во врска со заштитата на личните податоци, им

беа предложени совети за заштита на приватноста и идентитетот на интернет и им беа претставени мерки за безбедност при користење на социјалните мрежи.

Од 31 јануари до 2 февруари, 2024 година во Охрид, Агенцијата беше поканета од страна на Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор – ДЦАФ (DCAF) кој ја организираше четвртата работилница за концептуализација на процедурите за уништување податоци собрани со посебни истражни мерки (ПИМ).

На 20 март 2024 година, Институтот за европска политика – ЕПИ организираше политички дијалог „Владеењето на правото во членки на ЕУ и земјите-кандидати: предизвици и научени лекции". Агенцијата учествуваше на овој настан преку ЗУМ (ZOOM), кој е дел од проектот „Градење мостови за заедничка иднина: владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ" финансиран од ЕУ.

Агенцијата, од 11-12 април 2024 година учествуваше на работилница која ја организира проектот „Корпоративна општествена одговорност и бизнис ангели - движечка сила за приватниот сектор", финансиран од Европската Унија, а на која се претстави Националниот акциски план за бизнис и човекови права и предлог мерките за негова реализација. Работилницата се одржа во Скопје, во организација на Министерството за економија и Проектниот тим.

Во рамки на проектот „Заштита на слободата на изразување и слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС)" беше организиран настан на 14 април 2024 година, на кој учествуваше Агенцијата. Проектот им овозможува на институциите корисници и на граѓанските организации во Северна Македонија да напредуваат кон исполнување на нивните реформски агенди во областа на слободата на изразување и слободата на медиумите, во согласност со европските стандарди.

На 23 април 2024 година Агенцијата одржа предавање на семинар „Обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци", во центарот за обука „Д-р Џозеф Крузел", наменета за учесници од Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија. Од страна на обучувачи од Агенцијата, беа презентирани прописите од Законот за заштита на личните податоци, начелата за заштита на личните податоци, правата на субјектите на лични податоци, мерките за безбедност на обработката на личните податоци, правата и обврските на контролорите, а воедно беа дадени и препораки и насоки како да се заштитат личните податоци и како да се дизајнираат соодветни мерки за заштита.

Агенцијата учествуваше на конференцијата „Сајбер безбедност и заштита на приватноста на интернет во Република Северна Македонија" во организација на Македонското здружение на млади правници, која се одржа на 31 мај 2024 година во Скопје.

Институтот за комуникациски студии организираше Камп за медиумска писменост за средношколци во Струга и на 24 јуни, 2024 година Агенцијата учествуваше преку ЗУМ (ZOOM) врска и даде изјава на темата: заштита на младите во кибер просторот и нивната изложеност на можни злоупотреби.

На Самитот за слобода на интернет кој се одржа во Струга од 24 до 28 јуни 2024 година учествуваше и Агенцијата. Самитот беше организиран од страна на Иницијативата за владеење на правото при Американската адвокатска комора (ABA ROLI) и беше отворен со панел дискусијата Заштита на човештвото во дигитален пејзаж .

Центарот за правни истражувања и анализи во соработка со Македонското здружение на млади правници организираше две работилници за клучните предизвици со кои се соочуваат правосудните институции во заштитат на правото на приватност, особено во контекст на забрзаниот развој. Агенцијата учествуваше на двете работилници кои се одржаа на 17 октомври и 24 октомври 2024 година во Скопје.

Во месецот октомври 2024 година во Скопје, Агенцијата учествуваше на состанокот „ХИВ како основа за дискриминација во Северна Македонија- искуства и предизвици“ во организација на Здружението за поддршка на луѓето кои што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје.

На 19 декември 2024 година, Агенцијата одржа предавање на тема „Заштита на личните податоци при користење на интернет“ за средношколки од **Зимската школа за кибер безбедност** во своите простории.

Агенцијата на 23 декември 2024 година беше дел од дискусијата во организација на Балканската истражувачка репортерска мрежа, БИРН во Скопје, во рамките на регионалниот проект за дигитални права, поддржан од Европската Унија.

Во Велес од 23-24 декември се одржа дводневен настан „РеСПА Академија за интероперабилност Северна Македонија 2024“. Агенцијата учествуваше на овој настан на кој беа дискутирани теми како што се рамката за интероперабилност на ЕУ и усогласувањето со националните политики, развојот на услуги за е-влада преку подобрена интероперабилност и успешни примери од Европската унија и Северна Македонија.

На 24 декември Агенцијата учествуваше на дијалог за политики, насловен „Дискусија за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2023 – септември 2024 година“ кој се одржа во Скопје, во организација на Институтот за европска политика – ЕПИ.

### 4.7.1 Соработка со медиумите

Агенцијата и во 2024 година остана транспарентна и отворена за соработка со електронските и печатените медиуми, при што одговори на **16** барања од новинарите за прашања поврзани со заштитата на личните податоци. Новинарските прашања се однесуваа на нарушувањата на безбедноста кои настанале како резултат на рансомвер (ransomware) напади, развивање на модели на вештачка интелигенција во однос на заштитата на личните податоци, снимање на јавни простори, директен маркетинг, измами од финансиски советници за криптовалути, злоупотреби на лични податоци на пензионирани лица, вградување и користење на уреди за снимање во возила итн.

Агенцијата активно одговори на повиците на телевизиите и веб-платформите за гостување во емисии и давање на интервјуа:

На 31 јануари претставник на Агенцијата даде интервју на Македонското радио 3 за важноста на Европскиот ден за заштита на личните податоци, законските надлежности на Агенцијата, заштитата на личните податоци на интернет, каде граѓаните да пријават повреда на нивното право на заштита на личнте податоци и др.

Веб-платформата Види Вака во јуни 2024 година сними видео со наслов *„Ненаучена лекција од случајот Јавна соба“*. Во ова видео учествуваше и претставник од Агенцијата, каде се дискутираше за неовластено објавување на фотографии и видеа со лични податоци на граѓаните на социјалните мрежи. Во ова видео се разгледува како овој феномен влијае на безбедноста и приватноста на физичките лица, како и кои се одговорностите и надлежностите на институциите во справувањето со овие настани.

### 4.7.2 Комуникација со странки

Во 2024 година, поради континуираниот интерес и бројните прашања на физичките лица и правните субјекти во однос на прописите за заштита на личните податоци, Агенцијата продолжи да обезбедува информации на странките електронски и преку телефон. Понатаму, редовно се одржуваа консултации во просториите на Агенцијата, како со физички лица, така и со претставници на правни субјекти. Најголемиот интерес беше насочен кон следниве теми: законските прописи за поставување на видеонадзор, обработка на лични податоци на социјалните мрежи, како правните субјекти да се усогласат со прописите за заштита на личните податоци, прашања за определување на

офицер за заштита на личните податоци, како граѓаните да ги остварат своите права според Законот за заштита на личните податоци, прашања за надлежностите на Агенцијата, во кои случаи можат да се обратат до Агенцијата, итн.

Дадени информации на странки преку телефон – **949**.

Одржани консултации со странки во просториите на Агенцијата – **86**.

### 4.8 Известување за обработка на лични податоци со висок ризик

Во текот на 2024 година од страна на контролорите се доставени вкупно 6 известувања/барања во однос на електронската Евиденција на збирки на личните податоци со висок ризик, која ја води Агенцијата согласно член 71 став (3) од Законот за заштита на личните податоци, и тоа:

- **2** Известувања за обработка на лични податоци со висок ризик;
- **4** Барања за промена на параметри за најава во Евиденцијата на збирки на лични податоци со висок ризик.

### 4.9 Овластено лице за заштита на личните податоци (офицер за заштита на личните податоци)

Во текот на 2024 година од страна на контролорите се доставени вкупно **521** дописи/ барања /известувања за определување на офицер за заштита на личните податоци, заради евидентирање во Евиденцијата на офицери за заштита на личните податоци што ја води Агенцијата согласно член 68 став (2 ) од Законот за заштита на личните податоци и истата се објавува на веб- страница www.azlp.mk.

Во Евиденцијата на офицери за заштита на личните податоци во 2024 година се евидентирани **278** нови офицери, а по однос на **54** известувања, Агенцијата до контролорите испрати дополнително известување за законската обврска да достават и контакт податоци за нивниот определен офицер за заштита на личните податоци како и за постоење на судир на интереси кога управител е определен и за офицер за заштита на личните податоци.

А по однос на другиот дел од дописите/барањата, истите се однесуваа за: промена на офицери, обврска и услови за определување на офицер, односно барање за бришење од евиденцијата на веќе определените офицери, како и други прашања за статусот на офицерите.

Преглед на офицерите за заштита на личните податоци се дадени во делот Прилози, како *прилози бр. 22 и 23*.

### 4.10 Спроведени обуки

Агенцијата заклучно со декември 2024 година организираше и спроведе **9** (девет) обуки за заштита на личните податоци наменети за контролите и обработувачите, од кои **8** (осум) преку платформата Zoom, а **1** (една) со физичко присуство за припадниците на Министерството за одбрана, со вкупно **231** учесник како претставници на **97** контролори или обработувачи.

Имајќи ги предвид оценките од учесниците на обуките од доставените прашалници за евалуација, како и континуираниот висок интерес за учество на обуките, несомнено може да се констатира дека обуките за заштита на личните податоци кои ги спроведуваат определените лица за обуки од Агенцијата се високо оценети и квалитетни обуки. Ова се должи пред се на фактот што обуките за заштита на лични податоци кои ги спроведува Агенцијата, се спроведуваат од вработени лица кои се професионалци во својата работа, со долгогодишно искуство во материјата за заштита на личните податоци, кои директно постапуваат по предмети од областа на заштитата на личните податоци.

Преглед на спроведените обуки од страна на Агенцијата се дадени во делот Прилози, како *прилог бр. 24*.

### 4.11 Пренос на лични податоци во други држави

Во текот на 2024 година постапено е по вкупно **42** пријави за пренос на лични податоци, кои се однесуваат за пренос на лични податоци во земји членки на Европската унија и Европскиот економски простор и **7** (седум) барања за пренос на лични податоци во трети земји за кои е потребно Агенцијата да даде одобрение согласно одредбите од член 50 став (3) од Законот за заштита на личните податоци.

Воедно, дадени се **16** мислења на контролорите за различни прашања поврзани со преносот на личните податоци и усогласување на потребната документација.

Во однос на збирките на лични податоци кои се обработуваат односно се пренесуваат, од страна на контролорите најчесто се однесуваат на лични податоци на вработени, кандидати за вработување, надворешни соработници, клиенти, добавувачи итн.

Најчести цели поради кои се врши преносот е поддршка на процесите за управување на човечки ресурси на контролори кои се дел од меѓународни групации, одржување на информациски системи, услуги во облак (cloud services), ефективно мониторирање и евалуација на програми и стандарди за квалитет, исполнување на договорни обврски.

Вкупно се одржани **26** координативни состаноци со претставници од контролори при што беа разгледани повеќе прашања кои особено се однесуваа за појаснување на стандардните договорни клаузули за пренос на лични податоци, преземање на технички и организациски мерки при пренос на лични податоци и обезбедување на документација со која се докажува дека се обезбедени соодветни гаранции за заштита на обработката на личните податоци.

Табеларен приказ во делот Прилози, како *прилози бр. 25, 26, 27 и 28*.

# 5. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТЕЊЕТО

Агенцијата продолжува да презема мерки за поттикнување и зголемување на употребата на сервисите за електронско поднесување на барања и документи, со цел олеснување на пристапот за контролорите и физичките лица, како и за имплементација на нови технологии во процесот на извршување супервизии во доменот на заштита на лични податоци, согласно Законот за заштита на лични податоци.

Во текот на 2024 година, Агенцијата активно ја промовираше културата на заштита на лични податоци преку својата веб-страница www.azlp.mk, изработена со поддршка на Европската унија. На оваа веб-страница, корисниците имаат пристап до нови содржини кои обезбедуваат полесен пристап до информации, упатства и обрасци за физичките лица и контролорите/обработувачите. Една од главните намени на веб-страницата е да помага во подигнување на свеста на граѓаните и контролорите за нивните обврски и права кои произлегуваат од прописите за заштита на личните податоци и за таа цел на неа има објавено теми кои се наменети за засегнатите страни да добијат јасна и сеопфатна информација за заштитата на личните податоци во оние области каде што се обработуваат најголем број на лични податоци. Исто така, има објавено и насоки каде сите заинтересирани може да најдат информации, појаснувања и примери за подобро разбирање и усогласување со новините на Законот за заштита на личните податоци. На веб-страницата има објавено и голем број на водичи и информатори наменети за граѓаните и контролорите, меѓу кои се: „Водич за офицери за заштита на личните податоци во јавниот и приватниот сектор“, „Водич за законитост на обработката на личните податоци“, „Водич за вршење на видео надзор“ и „10 Брзи чекори за усогласување со Законот за заштита на личните податоци “.

Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ) во соработка со Агенцијата, во 2024 година започна активности за изработка на три едукативни видеа за заштита на личните податоци на македонски и албански јазик. Овие активности се спроведоа преку проектот „Дигитални инструменти за економско владеење во Западен Балкан“ и претставуваат значаен чекор кон унапредување на дигиталната писменост и безбедноста при употребата на онлајн услугите. Видеата нудат информации за основните принципи на заштита на личните податоци преку практични примери и јасни објаснувања и имаат за цел да им помогнат на контролорите и граѓаните да ги разберат најдобрите практики за заштита на личните податоци, потенцијалните ризици од злоупотреба и начините за примена на безбедносни мерки во секојдневната работа. Кон крајот на годината видеата беа успешно завршени и во наредната 2025 година ќе бидат достапни на веб-страницата на Агенцијата и на останатите медиуми.

Во 2024 година, најголемиот број на поднесени барања за утврдување на повреда на правото за заштита на лични податоци и за спроведување супервизии беа поднесени преку веб платформата на нашата веб-страница www.azlp.mk. На веб-страницата на Агенцијата достапна е е-училница (https://e-ucilnica.azlp.mk/), едукативна веб-алатка изработена во рамки на проектот „Техничка и интегрирана заштита на лични податоци – градење инклузивен дигитален екосистем“, поддржан од Европската Унија, а спроведен од Фондација Метаморфозис и Здружение Конект. Во 2024 година Агенцијата ја преземе веб-страницата и истата почна да ја користи како платформа за е-обуки за заштита на личните податоци. Во текот на 2024 година забележан е континуиран пораст на бројот на

корисници на е-училница, односно бројот на лица кои ги завршиле квизовите за познавање од заштита на личните податоци е над **50**.

Следејќи ја добрата практика од претходната година, Агенцијата продолжи со спроведување на супервизии по електронски пат, користејќи софтверски алатки кои целосно го дигитализираат овој дел од работата. Во процесот се користеа алатки како HCL AppScan и Website Evidence Collection без примена на инвазивни методи, со што се генерираа извештаи кои се дел од записниците за овие супервизии.

# 6. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 6.1 Соработка со други институции

- Во 2024 година, Агенцијата беше дел од активностите на Министерството за информатичко општество и администрација за спроведување на оценската мисија на СИГМА (заедничката иницијатива на ОЕЦД и Европската Унија) која спроведува редовни оценски мисии за прогресот на спроведување на реформите во јавната администрација во земјите – кандидати и потенцијалните кандидати за членство во Европската Унија. На 18 јануари 2024 година Агенцијата учествуваше на состанок каде што се изврши презентација на ИТ алатка за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на јавната администрација и информации за спроведување на Оценска мисија на СИГМА во 2024 година. Министерството за Јавна администрација во соработка со Центарот за управување со промени (ЦУП), организира јавна дискусија на 31 јули 2024 година, за клучните предизвици со кои се соочуваат институциите од јавниот сектор во Република Северна Македонија. Агенцијата учествуваше на дискусијата чија цел беше да се претставаат визијата и идните заложби на Владата во областа на доброто управување и реформите во јавната администрација. На 8 ноември 2024 година, во организација на Министерството за јавна администрација се одржа состанок на Секторската работна група за реформа на јавна администрација, каде што беше присутна и Агенцијата. Целта на оваа работна група е активно вклучување на релевантните чинители, вклучувајќи дипломатски претставници, за да се обезбеди инклузивен и транспарентен процес на реформа на јавната администрација, во согласност со најдобрите меѓународни практики.
- Народната банка на Република Северна Македонија организираше работилница на тема „Законодавството на Европската Унија во платежна сфера и СЕПА". Агенцијата со свој претставник учествуваше на работилницата која се одржа на 12 август 2024 година.
- Агенцијата соработуваше со Министерството за дигитална трансформација на Република Северна Македонија на тема кибер безбедност со учество во меѓуресорска работна група за подготовка на Национална стратегија за кибер безбедност со Акциски План. Низ текот на 2024 година, Агенцијата беше дел од оваа меѓуресорска работна група и учествуваше на 4 состаноци за подготовка на Националната стратегија за кибер безбедност (2024-2028).

Водени од потребата за меѓусебна соработка со други институции со цел ефикасно спроведување на своите надлежности утврдени со закон и со тоа потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на соработката во областа на заштитата и обработката на личните податоци на двете страни, Агенцијата во текот на 2024 година потпиша 2 (два) меморандуми за соработка со институции. Во јануари 2024 година Агенцијата потпиша Меморандум со Управата за матични книги, потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на меѓусебната соработка. Понатаму, Агенцијата во февруари 2024 година потпиша Меморандум со ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола кој се однесува за спроведување на обуки за заштита на личните податоци со цел целосно и правилно спроведување на прописите за заштита на личните податоци.

## 6.2 Меѓународна соработка

***Соработка со органите за заштита на личните податоци од регионот***

„Иницијативата 20і7" е форум за соработка меѓу надзорните органи за заштита на личните податоци од регионот на поранешна Југославија, во согласност со Декларацијата за соработка на органите за заштита на личните податоци, која беше потпишана во 2017 година на првиот состанок на Иницијативата, на предлог на словенечкиот орган за заштита на личните податоци. Иницијативата е создадена во духот на поттикнување на

квалитетна и континуирана соработка помеѓу надзорните тела за заштита на личните податоци од Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија, Словенија и Косово. Во периодот од 26-28 мај во Задар, Хрватска, Агенцијата со свои претставници учествуваше на Шестиот состанок на „Иницијатива 20і7" кој беше во организација на хрватската Агенција за заштита на личните податоци (АЗОП). На настанот се дискутираше за можностите за подобрување на приватноста во генеративните системи за вештачка интелигенција, претставниците споделија вредни искуства со колегите од поранешна Југославија за стратегии и алатки за подигнување на свеста за заштитата на личните податоци кај различни засегнати страни. Исто така се разменуваа искуства за обработката на чувствителни лични податоци со фокус на биометриските податоци.

Агенцијата потпиша Меморандум за соработка со Агенцијата за информации и приватност на Република Косово со цел унапредување на соработката за развој на заедничките активности во областа на заштитата на личните податоци, при што истиот помага да се постигнат целите на институциите согласно нивното национално законодавство. Соработката се основа на размена на експертиза, искуства и добри практики, организирање заеднички работни состаноци во согласност со потребите, споделување на препораки, одлуки или други акти кои се од интерес во областа на заштитата на личните податоци итн.

Во 2024 година, Агенцијата за заштита на личните податоци ја продолжи успешната соработка со Светската банка, која е значајна за напредокот на дигиталната трансформација на Северна Македонија. Во текот на годината, беа одржани два важни состанока помеѓу двете институции. Првиот состанок се одржа на 27 март 2024 година преку платформата Микрософт Тимс (Microsoft Teams), каде што беше разгледана поддршката што Светската банка ја нуди во однос на владините приоритети за забрзување на дигиталната трансформација на земјата. Соработката се фокусираше на поддршка за развој на дигиталната инфраструктура и регулативи, како и на значењето на заштитата на личните податоци во овој процес. Вториот состанок во 2024 година беше одржан на 4 декември, каде што беше разгледан проектот ГРИДМАП (GRIDMAP) на Светската банка. ГРИДМАП е алатка која поддржува развој на пазарите на податоци преку изградба на регулаторни рамки и институционален капацитет. Клучен дел од GRIDMAP е Модулот за пазари на податоци, кој помага во развој на сигурни пазари и овозможува самооценување на зрелоста на пазарните регулативи, базирано на успешни меѓународни практики. Оваа соработка продолжува да придонесува за напредокот на Република Северна Македонија во областа на дигитализацијата и заштитата на личните податоци, со фокус на изградба на доверливи и сигурни дигитални пазари.

***Консултативен комитет на Конвенцијата 108 на Советот на Европа***

Секоја година Агенцијата учествува на пленарните седници на Консултативниот комитет на Конвенцијата 108 (Т-ПД), кои се одржуваат во Стразбур, Франција, во организација на Советот на Европа. Оваа година 47-та пленарна седница се одржа од 4-6 ноември на која беше усвоен третиот модул од Моделните договорни клаузули за пренос на лични податоци од обработувач до обработувач. Претходно, Комитетот на Конвенцијата 108 го усвои првиот модул (од контролор до контролор) и вториот модул (од контролор до обработувач) минатата година. Т-ПД, исто така, ги усвои Упатствата за заштита на физички лица во однос на обработката на личните податоци за целите на регистрација и автентикација на гласачите и ја продолжи својата работа во однос на толкувањето на член 11 од модернизиранатa Конвенција. Комитетот, исто така, одржа размена на мислења врз основа на научниот извештај за заштита на податоците во контекст на невронауките.

### 6.3 Учество на Агенцијата на меѓународни настани, конференции и состаноци поврзани со заштитата на личните податоци

- Агенцијата има статус на набљудувач на работата на Европскиот одбор за заштита на личните податоци (ЕОЗЛП) кој е независно тело за соработка помеѓу надзорните тела за заштита на личните податоци на земјите членки на Европската Унија и Европскиот економски простор кое донесува мислења, водичи, препораки за унифицирана примена на Општата регулатива за заштита на податоците и создавање на најдобри практики за нејзина примена. Оттука, следењето на работата на ова тело е од исклучителна важност за Агенцијата, затоа на 13ти февруари таа учествуваше на 90. Пленарна седница на Европскиот одбор за заштита на личните податоци во Брисел, Белгија. Агендата за пленарната седница вклучуваше дискусија за усвојување на формален став за моделот на претплата на Мета со нивоа (согласност или плаќање), кој им нуди на корисниците на ЕУ избор да плаќаат и да не гледаат насочено рекламирање. ЕОЗЛП, исто така, го разгледа нацрт-мислењето за главното седиште на МЕТА компанијата во ЕУ и назначување на претставник на ЕОЗЛП во тимот за преглед на Рамката за приватност на податоците ЕУ-САД.
- Агенцијата учествуваше на 32. Пролетна конференција на европските надзорни органи за заштита на личните податоци, која што се одржуваше од 14-16 мај во Рига, Латвија. Конференцијата претставува годишен собир за сите органи за заштита на податоците (ДПА) низ Европа, со цел да се промовира соработката и да се разгледаат заедничките предизвици и најдобрите практики. Конференцијата стави акцент на соработката и взаемната поддршка помеѓу ДПА-та за справување со новоизникнатите проблеми. Во овој контекст, конференцијата ја поздрави поддршката предложена од Советот на Европа за создавање функционална и оперативна мрежа во рамките на ДПА, најмногу преку обезбедување дополнителни средства и алатки, како и предлагање повеќе активности за соработка.
- На покана на хрватската Агенцијата за заштита на личните податоци по повод нејзиниот 20 годишен јубилеј, претставници од Агенцијата учествуваа на конференцијата „Ризици и усогласеност со ОРЗП во ерата на вештачката интелигенција" која се одржа на 24 мај 2024 година во Загреб, Република Хрватска. На конференцијата се дебатираше за интеракцијата помеѓу Регулативата за вештачка интелигенција и Општата регулатива за заштита на податоците.
- Во Брисел, Белгија од 9-13 септември се одржа „Седмица за заштита на личните податоци за регионот на Западен Балкан и Источно партнерство" на која што учествуваше и Агенцијата. Организатор на настанот беше Регионалниот совет за соработка (РСС), Програма СИГМА, Германско друштво за интернационална соработка (ГИЗ) и Регионална школа за јавна администрација (РеСпа). Цели на седмицата за заштита на личните податоци беа поддршка за градење на капацитетите на органите за заштита на личните податоци (ДПА), размена на искуства и знаења со органите за заштита на личните податоци на ЕУ, обезбедување на најдобрите практики и споделување на искуства за обучување на офицерите за заштита на личните податоци и др.
- Во периодот од 7-8 октомври 2024 година, Агенцијата присуствуваше на работилница во Приштина, Косово. Работилницата беше на тема „Заштита на лични податоци и имплементација на безбедносни стандарди" во организација на Агенцијата за информации и приватност на Република Косово.
- Агенцијата беше дел од 99-тата Пленарна седница на Европскиот одбор за заштита на личните податоци, која се одржа во Брисел, Белгија на 2-3 декември 2024 година. За време на оваа пленарна седница, Европскиот одбор за заштита на личните податоци објави упатства за членот 48 од Општата регулатива за заштита на податоците за пренос на лични

податоци до органи на трети земји и одобри нов Европски печат за заштита на личните податоци (шема за сертификација).

- На 12-13 декември 2024 година, Агенцијата учествуваше на работилница во Пеќ, Косово, на тема „Проценка на влијанието врз заштитата на личните податоци, практични случаи од супервизиите и контролните супервизии“.

## 6.4 Проекти и странска помош

***Стратегија за спроведување на правото за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија 2025-2030***

Агенцијата во текот на 2024 година спроведе повеќе активности со цел развивање и усвојување на новата Стратегија за спроведување на правото за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија за периодот 2025-2030 година. Овој процес беше поддржан од Европската комисија преку инструментот ТАИЕКС, овозможувајќи соработка со меѓународни експерти и релевантни домашни чинители.

Во периодот од 15 до 17 мај 2024 година, во Скопје се одржа тридневна работилница со експертска помош од Европската комисија. На оваа работилница, експерти од Словенија и Финска, заедно со претставници од јавниот и приватниот сектор, работеа на развивање на новата Стратегија и акцискиот план со индикатори за мерење на резултатите. Првите два дена беа посветени на идентификација на предизвиците во областа на заштитата на личните податоци, како и дискусија за стратешките цели, активностите и индикаторите. Последниот ден беа заокружени резултатите и дефинирани новите стратешки цели, мисијата и визијата на Агенцијата.

Во периодот од 2 до 4 октомври 2024 година, Агенцијата организираше експертска мисија за изработка на нацрт-текстот на Стратегијата, повторно со поддршка од инструментот ТАИЕКС. По изготвувањето на нацртот, истиот беше објавен на веб-страницата на Агенцијата, овозможувајќи јавноста, контролорите и обработувачите да дадат свои предлози и мислења најдоцна до 5 ноември 2024 година.

На 29 ноември 2024 година во Скопје, Агенцијата официјално ја промовираше Стратегијата за спроведување на правото за заштита на личните податоци 2025-2030 година. Во неа се дефинирани четири стратешки цели за наредниот петгодишен период:

1. Целосна самостојност и независност на Агенцијата
   - Донесување закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци со цел обезбедување самостојност и независност на Агенцијата во управувањето со финансии и човечки ресурси
   - Јакнење на капацитетите на Агенцијата
   - Измена на секторската легислатива која се однесува на прекршоците
2. Хармонизација на легислативата
   - Донесување закон за транспонирање на Директивата за спроведување на законот (т.н. Полициска директива)
   - Усогласување на законите со законодавството на ЕУ во подрачјето на заштита на личните податоци
   - Хармонизација на законодавството од аспект на процесите за дигитализација
3. Континуирано зголемување на културата на заштита на личните податоци
   - Зајакнување на соработка со надзорните тела за заштита на личните податоци и други меѓународни организации и тела.
   - Континуирана соработка со јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор
   - Обуки за заштита на личните податоци
   - Зголемување на транспарентноста и поголема видливост на Агенцијата
4. Спроведување на алатките за одговорност

- Подобрување на алатките за отчетност за унапредување на усогласеноста на контролорите
- Сертификација и кодекси на однесување
- Вмрежување на офицерите за заштита на личните податоци
- Активности за подобрување на положбата на офицерите за заштита на личните податоци

Следењето и оценувањето на напредокот на Стратегијата ќе се врши преку дефинирани клучни индикатори за успех (КИУ), кои ќе бидат поврзани со стратешките цели и активности. Вредностите на овие индикатори ќе се мерат на годишно ниво, а врз основа на резултатите, целите ќе бидат ажурирани доколку е потребно. Дополнително, Агенцијата ќе создаде механизми за соработка со релевантни институции за следење на напредокот на Стратегијата, вклучувајќи ги Министерството за правда, Министерството за јавна администрација и други засегнати страни.

***Правилник за безбедност на обработката на личните податоци***

На 26 декември 2024 година, Агенцијата донесе нов Правилник за безбедност на обработката на личните податоци. Исто така, го донесе и објави Правилникот за дополнување на Правилникот за начинот на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење на супервизија. Овие документи се развиени преку ЕУ Твининг проектот „Поддршка во спроведувањето на модернизираната правна рамка за заштита на личните податоци“ од страна на експерти од СР Германија и Р. Хрватска. Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци ќе почне да се применува од 1 јули 2025 година. Со ова контролорите и обработувачите имаат обврска во наредните шест месеци да го усогласат своето работење согласно насоките дадени во новиот Правилник за безбедност на обработката на личните податоци.

## 7. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

### 7.1 Буџет за 2024 година – СМЕТКА тип 637

Буџетот на Агенцијата за заштита на личните податоци (со ребаланс и одобрени пренамени) за 2024 година на сметката 637 изнесува 19.834.000,00 денари.

Од вкупниот буџет на Агенцијата за 2024 година во износ од 19.834.000,00 денари, реализирани се 97,05%, односно 19.248.819,00 денари. Во однос на реализацијата на Буџетот со сите одобрени пренамени на средства во текот на 2024 година 15.508.505,00 денари (80,57%) од средствата се однесуваат на реализација на плати и надоместоци, 3.545.681 денари (18,42%) од средствата се однесуваат на стоки и услуги, 138.512 денари (0,72%) се однесуваат на ставката разни трансфери, 42.500,00 денари на купување опрема и машини (0,22%) и 13.621,00 денари за вложувања и нефинансиски средства (0,07%).

Согласно прегледот на реализација на финансиските средства за 2024 година во споредба со одобрениот буџет за 2024 година е видно дека нивото на реализација на вкупниот буџет е 97,05%, што претставува висок процент на реализација на истите, што укажува и реално планирање на буџетот за 2024 година.

Од дадените податоци е видно дека одобрениот буџет на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2024 година е за 2.529.000,00 денари поголем во споредба со 2023 година, што се должи на зголемување на платите во март 2024 година по основ на зголемување на минималната плата, како и 0,7% зголемување на сите вработени во септември 2024 година согласно Колективниот договор за вработените во јавниот сектор.

### 7.2 Реализација на буџетот за 2023 година – СМЕТКА тип 631

Буџетот на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2024 година на сметката 631 е планиран на 3.220.000,00 денари.

Агенцијата за заштита на личните податоци по основ на обуки за заштита на лични податоци за заинтересирани обработувачи и контролори на лични податоци во текот на 2024 година оствари приход од 767.000,00 денари.

Од вкупниот одобрен буџет на проектирани приходи на Агенцијата за 2024 година во износ од 3.220.000,00 денари, реализирани се 22,27% односно 716.958,00 денари.

Во однос на структурата на реализираните средства 80,29% од средствата се однесуваат на ставката стоки и услуги (патни и дневни расходи, комунални услуги, поправки и тековно одржување за потребите на Агенцијата), а 19,71% за купување на опрема и машини и вложувања и нефинансиски средства.

Прегледите за буџетот и финансиското работење се дадени во делот Прилози, како *прилози бр. 29, 30, 31, 31-а, 32, 32-а, 33, 34 и 35.*

## 8. ЗАКЛУЧОЦИ

Годишниот извештај обезбедува преглед на реализираните активности и спроведувањето на прописите за заштита на личните податоци, како и на извршените супервизии во согласност со законските надлежности. Во него се согледуваат актуелните состојби во Република Северна Македонија кои се однесуваат на заштитата на личните податоци, како и дадените мислења и укажувања од страна на Агенцијата.

Предизвик за Агенцијата и понатаму останува недостатокот на стручен кадар со посебен фокус на експерти од областа на заштитата на личните податоци и информатичките науки, кои се клучни за ефективната имплементација на законодавството за заштита на личните податоци.

Агенцијата ќе продолжи да работи на зајакнување на својот независен статус, особено во делот на управувањето со човечките ресурси и обезбедување на независни буџетски средства, преку создавање на соодветна регулаторна рамка. Во оваа насока, продолжува процесот за донесување на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци, со што ќе се обезбедат потребните ресурси за ефективно извршување на функциите и овластувањата на Агенцијата.

Со цел дополнително унапредување на заштитата на личните податоци, во 2024 година беше донесена и Стратегијата за спроведување на правото за заштита на личните податоци за периодот 2025-2030, која ќе започне да се применува во наредниот период. Оваа стратегија претставува клучен документ за долгорочен развој и унапредување на механизмите за заштита на личните податоци во земјата, обезбедувајќи континуитет и усогласување со европските стандарди.

На тој начин, Агенцијата ќе продолжи да работи на обезбедување на самостојно, независно и непристрасно функционирање, согласно принципите на Општата регулатива за заштита на податоците.

## 9. ПРЕПОРАКИ

Агенцијата постигна значителен напредок во примената на правната рамка за заштита на личните податоци и покрај тешките регулаторни и финансиски околности во кои што функционираше. Сепак, согласно стратешките цели утврдени во новата Стратегија за спроведување на правото за заштита на личните податоци за периодот 2025-2030 година и последниот Извештај на Европската комисија за Северна Македонија за 2024 година, Агенцијата ќе треба да ги преземе следните активности:

- Доставување на иницијатива со предлог измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци;
- Доставување на иницијатива со предлог измени и дополнувања на Законот за прекршоците;
- Промовирање на потребата од донесување Закон за транспонирање на Директивата за спроведување на законот;
- Промовирање на потребата за имплементација на Рамковната конвенција за вештачка интелигенција и човекови права, демократија и владеење на правото на Советот на Европа;
- Настојување да се обезбедат доволно средства за ефективно извршување на задачите и овластувањата на Агенцијата и нејзината независност во трошењето на доделените средства во согласност со нејзините задачи и овластувања;
- Прилагодување на институционалните капацитети на Агенцијата според бројот предвиден во систематизацијата и на нејзините задачи и овластувања;
- Давање мислење по закони и други подзаконски акти заради нивно усогласување со одредбите од Законот за заштита на личните податоци, како и со меѓународни договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија;
- Иницирање измени и дополнувања на закони и други подзаконски акти заради нивно усогласување со одредбите од Законот за заштита на личните податоци, како и со меѓународни договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија;
- Давање насоки, укажувања, предупредувања, наредби до контролорите односно обработувачите со цел усогласување на операциите на обработка на личните податоци со прописите за заштита на личните податоци;
- Давање мислење по барање за консултација кога проценката на влијанието на заштита на личните податоци покажува дека, доколку контролорот не преземе мерки за ублажување на ризикот, обработката ќе предизвика висок ризик;
- Давање мислења по предлози на меѓународни договори и други правни инструменти кои се однесуваат на заштитата на личните податоци;
- Спроведување на активности за подобрување на јавната перцепција и видливоста на Агенцијата;
- Зголемување на бројот на обуки за вработените;
- Започнување на активности за подготвување на Комуникациска стратегија 2026-2030;
- Промовирање на Методологијата за хармонизација на секторската легислатива во однос на изработување на проценка на влијанието на законите од аспект на заштитата на личните податоци од страна на предлагачите (министерствата) при конципирањето на предлог законите со кои се уредува собирањето, обработката, чувањето, користењето и доставувањето на лични податоци;
- Јакнење на позицијата на офицерите за заштита на личните податоци кај контролорите.

# 10. ПРИЛОЗИ

*Прилог бр. 1: Органограм на Агенцијата заклучно со 31.12.2024 година*



*Прилог бр. 2: Полова структура на вработените*

| Припадност на заедница | А | В | М | ВК. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Жени | 3 | 0 | 6 | 9 | 50,00% |
| Мажи | 4 | 1 | 4 | 9 | 50,00% |
| **Вкупно:** | 7 | 1 | 10 | 18 | 100,00% |

*Прилог бр. 3: Старосна структура на вработените*

| Возраст | Жени | | | | Мажи | | | | ВК. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | В | М | ВК. | А | В | М | ВК. | | |
| 18-25 | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| 26-30 | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| 31-35 | 1 | | | 1 | | | | 1 | 1 | 5,56% |
| 36-40 | 1 | | 1 | 2 | 1 | | 2 | 3 | 5 | 27,78% |
| 41-45 | 1 | | 1 | 2 | 1 | | | 1 | 3 | 16,67% |
| 46-50 | | | 1 | 1 | 1 | | | 1 | 2 | 11,11% |
| 51-55 | | | 2 | 2 | 1 | | 1 | 2 | 4 | 22,22% |
| 56-60 | | | | 1 | | | 1 | 1 | 1 | 5,56% |
| 61+ | | | 1 | 1 | | | 1 | 1 | 2 | 11,11% |
| **Вкупно:** | 3 | 0 | 6 | 9 | 4 | 0 | 4 | 9 | 18 | 100,00% |

*Прилог бр. 4: Структура според степен на образование*

| Степен на образование | Жени | | | | Мажи | | | | ВК. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | В | М | ВК. | А | В | М | ВК. | | |
| ВСС | 3 | | 5 | 8 | 2 | 1 | 3 | 6 | 14 | 77,78% |
| ССС | | | 1 | 1 | 2 | | | 2 | 3 | 16,67% |
| ОУ | | | | 0 | | | 1 | 1 | 1 | 5,56% |
| **Вкупно:** | 3 | 0 | 6 | 9 | 4 | 1 | 4 | 9 | 18 | 100,00% |

*Прилог бр. 5: Структура според вид на образование*

| Вид на образование | Жени | | | | Мажи | | | | ВК. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | В | М | ВК. | А | В | М | ВК. | | |
| д-р | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| м-р | | | 1 | 1 | | | 1 | 1 | 2 | 11,11% |
| VII/1 или VI А | 2 | | 4 | 6 | 2 | 1 | 2 | 5 | 11 | 61,11% |
| VI В | 1 | | | 1 | | | | 0 | 1 | 5,56% |
| ССС | | | 1 | 1 | 2 | | | 2 | 3 | 16,67% |
| ОУ | | | | 0 | | | 1 | 1 | 1 | 5,56% |
| **Вкупно:** | 3 | 0 | 6 | 9 | 4 | 1 | 4 | 9 | 18 | 100,00% |

*Прилог бр. 6: Структура според звања на административни службеници и именувани/избрани лица*

| Категорија | Жени | | | | Мажи | | | | ВК. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | В | М | ВК. | А | В | М | ВК. | | |
| Директор | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Заменик директор | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Генерален секретар | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Државен советник | | | | 0 | | 1 | | 1 | 1 | 5,56% |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Раководител на сектор | | | 1 | 1 | | | 1 | 1 | 2 | 11,1% |
| Пом. раководител на сектор | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Раководител на одделение | 1 | | 2 | 3 | | | | 0 | 3 | 16,67% |
| Советник | | | 2 | 2 | 2 | | 2 | 4 | 6 | 33,33% |
| Виш соработник | 1 | | | 1 | | | | 0 | 1 | 5,56% |
| Соработник | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Помлад соработник | 1 | | | 1 | | | | 0 | 1 | 5,56% |
| Самостоен референт | | | | 0 | 1 | | | 1 | 1 | 5,56% |
| Виш референт | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Референт | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Помлад референт | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Домаќин | | | 1 | 1 | | | | 0 | 1 | 5,56% |
| Возач | | | | 0 | 1 | | | 1 | 1 | 5,56% |
| Хигиеничар | | | | 0 | | | 1 | 1 | 1 | 5,56% |
| **Вкупно:** | 3 | 0 | 6 | 9 | 4 | 1 | 4 | 9 | 18 | 100,00% |

***Прилог бр. 7: Структура по категории на звања и именувани/избрани лица***

| **Звање** | **Жени** | | | | **Мажи** | | | | **ВК.** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А | В | М | ВК. | А | В | М | ВК. | | |
| Директор | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Заменик директор | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0,00% |
| Раководни | 1 | | 3 | 4 | | 1 | 1 | 2 | 6 | 33,33% |
| Стручни | 2 | | 2 | 4 | 2 | | 2 | 4 | 8 | 44,44% |
| Помошно-стручни | | | | 0 | 1 | | | 1 | 1 | 5,56% |
| Помошно-технички | | | 1 | 1 | 1 | | 1 | 2 | 3 | 16,67% |
| **Вкупно:** | 3 | 0 | 6 | 9 | 4 | 1 | 4 | 9 | 18 | 100,00% |

***Прилог бр. 8: Супервизии***

| **Супервизии** | **Вкупно супервизии** |
|---|---|
| Редовни супервизии | 18 |
| Вонредни супервизии | 304 |
| Контролни супервизии | 16 |
| **Вкупно:** | 338 |

***Прилог бр. 9: Вонредни супервизии според вид***

| **Опис** | **Вкупно** |
|---|---|
| Вонредни супервизии поведени по барања од граѓани за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци | 41 |
| Вонредни супервизии поведени по иницијативи од физички/правни лица | 38 |
| Вонредни супервизии поведени по службена должност | 223 |
| Вонредни супервизии поведени по поднесени пријави за нарушување на безбедноста на личните податоци (инциденти) | 2 |
| **Вкупно:** | 304 |

***Прилог бр. 10: Супервизии според секторот на кој припаѓа контролорот***

| **Супервизии** | **Вкупно** |
|---|---|
| Јавен сектор | 23 |
| Приватен сектор | 305 |

| | |
|---|---|
| Физичко лице | 10 |
| **Вкупно:** | **338** |

*Прилог бр. 11: Супервизии според областа на кој припаѓа контролорот*

| Област | Редовни | Вонредни | Контролни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Финансии | 4 | 20 | 0 | **24** |
| Електронски комуникации и пошти | 0 | 5 | 0 | **5** |
| Градежништво | 0 | 2 | 0 | **2** |
| Други | 0 | 11 | 0 | **11** |
| Државни органи | 0 | 5 | 0 | **5** |
| Комунална дејност и енергетика | 0 | 2 | 0 | **2** |
| Здравство | 4 | 8 | 0 | **12** |
| Здруженија на граѓани | 0 | 1 | 0 | **1** |
| Индустрија | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Локална самоуправа | 0 | 2 | 0 | **2** |
| Лотарија и игри на среќа | 0 | 2 | 0 | **2** |
| Образование | 0 | 2 | 0 | **2** |
| Органи за спроведување на закон | 0 | 2 | 0 | **2** |
| Правосудство | 0 | 3 | 0 | **3** |
| Трговија | 0 | 172 | 12 | **184** |
| Туризам и угостителство | 0 | 43 | 4 | **47** |
| Култура и забава | 0 | 10 | 0 | **10** |
| Физичко лице | 0 | 5 | 0 | **5** |
| Домување | 0 | 7 | 0 | **7** |
| Маркетинг | 0 | 1 | 0 | **1** |
| Медиум | 0 | 1 | 0 | **1** |
| Работни односи | 10 | 0 | 0 | **10** |
| **Вкупно:** | **18** | **304** | **16** | **338** |

*Прилог бр. 12: Активности кои биле предмет на супервизиите*

| Активности | Редовни | Вонредни | Контролни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Видео надзор | 0 | 256 | 16 | **272** |
| Вработување и работни однос | 10 | 2 | 0 | **12** |
| Давање на лични податоци на користење | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Директен маркетинг | 0 | 5 | 0 | **5** |
| Обработка на лични податоци | 0 | 34 | 0 | **34** |
| Права на субјектот на лични податоци | 0 | 1 | 0 | **1** |
| Пренос на лични податоци во други држави | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Технички и организациски мерки | 8 | 4 | 0 | **12** |
| Интерни прописи | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Нарушување на безбедноста | 0 | 2 | 0 | **0** |
| **Вкупно:** | **18** | **304** | **16** | **338** |

*Прилог бр. 13: Управни спорови*

| Област | Предмет отворен во 2024 | Предмет отворен во 2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Тужба | 2 | 4 | **6** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Пресуда | 1 | 3 | 4 |
| Жалба | 1 | 1 | 2 |
| Пресуда | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно:** | 4 | 8 | 12 |

***Прилог бр. 14: Одлуки по барањата на граѓаните за утврдување повреда на правото за заштита на личните податоци***

| Опис | Вкупно |
|---|---|
| **Барања од граѓани** | 41 |
| Решение со кое се утврди повреда | 14 |
| Решение со кое не се утврди повреда | 12 |
| Решение за отфрлање на барањето поради формален недостаток | 15 |

***Прилог бр. 15: Видови решенија кои се донесени од страна на супервизорите и наредби***

| Решенија/наредби | Вкупно |
|---|---|
| Решение за запирање на постапката бидејќи не е утврдена повреда или повредата е отстранета во текот на супервизијата, согласно член 107 став (2) од ЗЗЛП | 51 |
| Решенија за утврдување на повредите согласно член 107 став (3) | 2 |
| Решение за отстранување на утврдените повреди согласно член 107 став (4) ЗЗЛП | 230 |
| Решение за запирање на постапката поради откажување на странката од своето барање, согласно член 54 став (1) ЗОУП | 1 |
| Решение за отстранување на утврдените повреди согласно член 66 став (2) точка (в) и член 107 став (4) ЗЗЛП | 1 |
| Решение за отстранување на утврдените повреди согласно член 66 став (1) точка (г) и член 107 став (4) ЗЗЛП | 1 |
| Решение за отфрлање на барањето согласно член 93 став (3) од ЗЗЛП | 2 |
| Наредба согласно член 66 став (2) точки (г) и (ѓ) од ЗЗЛП | 1 |
| Наредба согласно член 63 и член 66 став (2) точки (г) и (ѓ) од ЗЗЛП | 1 |
| **Вкупно:** | 290 |

***Прилог бр. 16: Доставени известувања за нарушување на безбедноста на личните податоци***

| Решенија/наредби | Вкупно |
|---|---|
| Јавен сектор | 8 |
| Приватен сектор | 13 |
| **Вкупно:** | 21 |

***Прилог бр. 17: Листа на предлог-закони за кои е дадено мислење***

| *** | Опис |
|---|---|
| 1. | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица – Министерство за економија |
| 2. | Предлог на Закон за контрола на индустриски емисии – Министерство за животна средина и просторно планирање |
| 3. | Предлог на Закон за борба против допингот во спортот и негово спречување – Министерство за правда |
| 4. | Предлог Закон за заштитено пријавување и заштита на укажувачи – Министерство за правда |
| 5. | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам – Министерство за финансии |

*Прилог бр. 18: Листа на укажувања до органи на државната власт по однос на прописи и други правни инструменти*

| *** | Опис |
|---|---|
| 1. | Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за лиценца за вршење на геодетски работи – Агенција за катастар на недвижности |
| 2. | Програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи во 2024 година – Влада на Република Северна Македонија |
| 3. | Програма за финансирање на микроземјоделски производители на вино за 2024 година – Влада на Република Северна Македонија |
| 4. | Програма за финансирање на земјоделски производители на храна за 2024 година – Влада на Република Северна Македонија |
| 5. | Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за агенти на пензиски друштва – Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување |
| 6. | Правилник за изменување на Правилникот за начинот на спроведување и содржината на обуката на кандидатите за полагање на ловечкиот испит, формата и содржината на потврдата за спроведената обука, како и начинот на издавање и формата и содржината на образецот на ловечката легитимација – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| 7. | Правилник за формата и содржината на образецот на барањето и пропратната документација за упис во Регистарот на чистокрвна приплодна живина, како и формата и содржината на Регистарот на чистокрвна приплодна живина – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| 8. | Правилник за програмата и начинот на организирањето и полагањето на испитот за извршители и формата и содржината на уверението за положен испит за извршители – Министерство за правда |
| 9. | Правилник за формата и содржината на образецот на лиценцата за вештачење и начинот на нејзиното издавање – Министерство за правда |
| 10. | Правилник за начинот на организирањето и полагањето на нотарскиот испит – Министерство за правда |

*Прилог бр. 19: Постапување по претставки*

| Постапување по претставки | Вкупно |
|---|---|
| Физички лица | 247 |
| Правни лица | 2 |
| **Вкупно:** | 249 |

*Прилог бр. 20: Начин на поднесени претставки*

| Начин на поднесени претставки | Вкупно |
|---|---|
| Електронски | 206 |
| Писмено | 42 |
| Усно | 1 |
| **Вкупно:** | 249 |

*Прилог бр. 21: Претставки по вид на социјални мрежи*

| Претставки по вид на социјални мрежи | Вкупно |
|---|---|
| Лажен профил | 116 |
| Пробиен (хакиран профил) | 95 |
| Повреда на правото на заштита на личните податоци на деца | 12 |
| Останати барања | 26 |
| **Вкупно:** | 249 |

*Прилог бр. 22: Офицери за заштита на личните податоци*

| Опис | Број |
|---|---|
| Евидентирани нови офицери | 278 |
| Промена на офицери | 96 |
| Управител-офицер | 13 |
| Барани контакт податоци | 41 |
| Известување за насоки за определување на офицер | 29 |
| Барање за бришење на офицерот од евиденцијата | 10 |
| Повеќепати доставени известувања за ист офицер | 50 |
| Барање за активирање на профил во Е-форум | 4 |
| **Вкупно:** | 521 |

*Прилог бр. 23: Пријава на нови офицери за заштита на личните податоци 2023 - 2024*




*Прилог бр. 24: Преглед на спроведени обуки од страна на Агенцијата*

| Спроведени обуки од страна на Агенцијата | Број на обуки | Учесници |
|---|---|---|
| Обука онлајн преку платформата ЗУМ (Zoom) | 8 | 210 |
| Обука со физичко присуство | 1 | 21 |
| **Вкупно:** | 9 | 231 |

*Прилог бр. 25: Мислења, прашања и известувања за пренос на лични податоци*

| Дадени мислења/препораки | Сектор | Вкупно |
|---|---|---|
| Известувања, Мислења во однос на документацијата и општи прашања во врска со пренос на личните податоци во трети земји | Правосудство, банкарство, осигурување, образование, телекомуникации и производство | 16 |
| **Вкупно:** | | 16 |

*Прилог бр. 26: Пријави за пренос на лични податоци во ЕУ и Европскиот економски простор*

| Сектор | Земја | Број на пријави |
|---|---|---|
| Банкарство | Австрија | 4 |
| | Словенија | 3 |
| | Ирска | 2 |
| | Франција | 1 |
| | Германија | 1 |
| | Полска | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Луксембург<br>Хрватска | 1<br>1 |
| Правни работи | Германија | 2 |
| Трговија | Хрватска<br>Романија<br>Ирска | 9<br>1<br>1 |
| Производство | Германија<br>Австрија<br>Ирска | 4<br>2<br>1 |
| Телекомуникации | Германија<br>Хрватска<br>Холандија | 3<br>1<br>1 |
| Информатичка технологија | Ирска<br>Германија | 2<br>1 |
| **Вкупно:** | | **42** |

*Прилог бр. 27: Примени барања за одобрение за пренос во трети земји*

| Сектор | Земја | Одобрени | Одбиени | Запрена постапка | Се отфрла | Во тек |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Производство | САД | 2 | | | | |
| Образование | САД | 1 | | | | |
| Осигурување | Србија | 1 | | | | |
| Маркетинг | САД | | | 1 | | |
| Трговија | САД | 2 | | | | |
| **Вкупно:** | | **6** | | **1** | | |

*Прилог бр. 28: Мислења, прашања и известувања за пренос на лични податоци*

| Мислења, прашања, известувања | Сектор | Број на мислења |
|---|---|---|
| Известувања, мислења во однос на документацијата и општи прашања во врска со пренос на личните податоци во трети земји | Правосудство, банкарство, осигурување, образование, маркетинг, телекомуникации и производство | **16** |
| **Вкупно:** | | **16** |

*Прилог бр. 29: Буџет и трошоци за 2024 година*

| Опис | Износ/денари |
|---|---|
| Вкупен буџет за 2024 година | **19.834.000,00** |
| Остварени вкупни трошоци | **19.532.454,00** |

*Прилог бр. 30: Структура на одобрениот буџет за 2024 година*




*Прилог бр. 31: Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2024 година*

| Ставка | Буџет 2024 | Реализација |
|---|---|---|
| 401-Основни плати | 11.194.000,00 | 10.994.276,00 |
| 402-Придонеси за социјално осигурување | 4.343.000,00 | 4.271.240,00 |
| 404-Надоместоци | 290.000,00 | 242.989,00 |
| 420-Патни и дневни расходи | 500.000,00 | 500.000,00 |
| 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.831.000,00 | 1.781.685,00 |
| 423-Материјали и ситен инвентар | 350.000,00 | 308.114,00 |
| 424-Поправки и тековно одржување | 395.000,00 | 341.072,00 |
| 425-Договорни услуги | 420.000,00 | 382.036,00 |
| 426-Други тековни расходи | 250.000,00 | 232.774,00 |
| 464-Разни трансфери | 201.000,00 | 138.512,00 |
| 480-Купување на опрема и машини | 46.000,00 | 42.500,00 |
| 485-Вложувања и нефинансиски средства | 14.000,00 | 13.621,00 |
| **Вкупно:** | **19.834.000,00** | **19.248.819,00** |

*Прилог бр. 31-а: Графички приказ*




*Прилог бр. 32: Компаративна табела на одобрениот буџет за 2024 со одобрениот буџет за 2023*

| Ставка | Буџет 2023 | Буџет 2024 |
|---|---|---|
| 401-Основни плати | 9.264.000,00 | 11.194.000,00 |
| 402-Придонеси за социјално осигурување | 3.596.000,00 | 4.343.000,00 |
| 404-Надоместоци | 190.000,00 | 290.000,00 |
| 420-Патни и дневни расходи | 400.000,00 | 500.000,00 |
| 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.974.000,00 | 1.831.000,00 |
| 423-Материјали и ситен инвентар | 400.000,00 | 350.000,00 |
| 424-Поправки и тековно одржување | 400.000,00 | 395.000,00 |
| 425-Договорни услуги | 436.000,00 | 420.000,00 |
| 426-Други тековни расходи | 300.000,00 | 250.000,00 |
| 464-Разни трансфери | 165.000,00 | 201.000,00 |
| 480-Купување на опрема и машини | 100.000,00 | 46.000,00 |
| 485-Вложувања и нефинансиски средства | 80.000,00 | 14.000,00 |
| **Вкупно:** | **17.305.000,00** | **19.834.000,00** |

*Прилог бр. 32-а: Графички приказ*




*Прилог бр. 33: Реализација на буџетот за 2024 година – СМЕТКА тип 631*

| Опис | Денари |
|---|---|
| Вкупен одобрен Буџет за 2024 година | **3.220.000,00** |
| Остварени вкупни трошоци | **716.958,00** |

*Прилог бр. 34: Одобрен буџет на проектирани приходи за 2024 година*




*Прилог бр. 35: Преглед на реализација на финансиски средства по ставки во 2024 година*

| Одобрен буџет за 2024 година (сметка 631) | Буџет 2024 | Реализација 2024 |
|---|---|---|
| 420-Патни и дневни расходи | 600.000,00 | 220.480,00 |
| 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 250.000,00 | 117.581,00 |
| 423-Материјали и ситен инвентар | 200.000,00 | 0,00 |
| 424-Поправки и тековно одржување | 250.000,00 | 158.803,00 |
| 425-Договорни услуги | 300.000,00 | 48.804,00 |
| 426-Други тековни расходи | 300.000,00 | 30.000,00 |
| 480-Купување на опрема и машини | 357.000,00 | 69.990,00 |
| 483-Купување на мебел | 255.000,00 | 0,00 |
| 485-Вложувања и нефинансиски средства | 300.000,00 | 71.300,00 |
| 486-Купување возила | 408.000,00 | 0,00 |
| **Вкупно:** | **3.220.000,00** | **716.958,00** |